Врз основа на член 113 став (5) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19, 236/22 и 134/24) и член 6 став (1) од Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/18), постапувајќи по барањето за сертификација на Операторот на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore, Joint Stock Company for performing energy activity natural gas transmission NOMAGAS Skopje in State Ownership, бр.01-4084 од 29 септември 2023 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија под број 11-2075/1 од 2 октомври 2023 година, како и дополнителната документација бр.11-2075/4 од 29 декември 2023 година, а имајќи го предвид мислењето бр. 1/24 од 21 мај 2024, за сертификацијата на НОМАГАС доставено од Секретаријатот на Енергетската заедница (Opinion 1/24 pursuant to Article 3(1) of Regulation (EC) No 715/2009 and Article 10(6) of Directive 2009/73/EC – Republic of North Macedonia – Certification of NOMAGAS), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 јули 2024 година донесе

# ОДЛУКА

## за сертификација и назначување на оператор на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија

1. Операторот на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore, Joint Stock Company for performing energy activity natural gas transmission NOMAGAS Skopje in State Ownership, со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр.54 Скопје, со ЕМБС: 7649401, којшто ја врши енергетската дејност пренос на природен гас, ги исполнува пропишаните услови за сертификација за оператор на системот за пренос на природен гас и се назначува за оператор на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува назначениот оператор на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија на секои шест месеци да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за:

   2.1 текот на постапките пред Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија за упис на правото на сопственост на недвижностите преку кои ја врши дејноста и

   2.2 преземените активности поврзани со постапката за одвојување на функцијата на операторот на пазар во посебно друштво кое ќе ги врши работите што се однесуваат на организација, ефикасно функционирање и развој на организираниот пазар на природен гас.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, како и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на која се објавува и мислењето бр. 1/24 од 21 мај 2024, за сертификацијата на НОМАГАС доставено од Секретаријатот на Енергетската заедница (Opinion 1/24 pursuant to Article 3(1) of Regulation (EC) No 715/2009 and Article 10(6) of Directive 2009/73/EC – Republic of North Macedonia – Certification of NOMAGAS).

***О б р а з л о ж е н и е***

## I. ПРАВЕН ОСНОВ

I.1. Според член 109 од Законот за енергетика, операторот на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија е друштво кое треба да:

1) е сопственик на системот за пренос на природен гас што се состои од линиски инфраструктурни објекти – гасоводи и придружни објекти постројки, објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност пренос на природен гас,
2) не е дел од вертикално интегрирано друштво,
3) е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на природен гас,
4) не врши и е независно од вршењето на други енергетски дејности законот за енергетика, и
5) е сертифицирано и назначено за оператор на системот за пренос на природен гас од страна на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика).

Понатаму, со член 109 став (2) од Законот за енергетика е утврдено дека со цел да се обезбеди независност на операторот на системот за пренос на природен гас, исто лице или лица немаат право во исто време:

1) директно или индиректно да учествуваат во управувањето и надзорот со друштво коешто врши некоја од дејностите производство и /или снабдување со природен гас и дирекно или индирекно да управуваат или остваруваат друго право со операторот со системот за пренос на природен гас,
2) директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на системот за пренос на природен гас и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво коешто врши некоја од дејностите производство или снабдување соприроден гас, и
3) да именуваат членови на орган на надзор, орган на управување на операторот на системот за пренос на природен гас, и во исто време директно или индиректно да управуваат или

остваруваат друго право во друштво што врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас.

Во членот 109 ставот (3) од Законот за енергетика е пропишано дека горенаведените ограничувања особено се однесуваат на:

1) користење на право на глас,
2) избор и именување на членови на органот на надзор и органот на управување на друштвото, или
3) поседување на мнозински удел.

Во член 109, став (4) од Законот за енергетика е пропишано дека друштвото кое поседува лиценца за вршење на дејноста пренос на природен гас не може да има лиценци и не може да биде вклучено во вршење на дејностите производство, организирање и управување со пазарот на природен гас, дистрибуција, трговија со природен гас или снабдување со природен гас.

Согласно член 109 став (5) од Законот за енергетика, ако операторот на системот за пренос на природен гас бил дел од вертикално интегрирано друштво за природен гас, операторот или неговите вработени не смеат да ги пренесуваат деловно чувствителните информации кои ги поседуваат на друштва за производство и/или снабдување со природен гас.

Притоа, во ставот (6) од истиот член е утврдено дека како друштво што врши некоја од дејностите производство или снабдување, се смета и друштво што врши некоја од дејностите производство или снабдување со електрична енергија.

I.2. Согласно член 110, став (1) од Законот за енергетика, Министерството за економија е сопственик на друштвото коешто е оператор на системот за пренос на природен гас.

Во ставот (2) од членот 110 е утврдено дека Министерството е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување на друштвото и не смее да прифаќа упатства или насоки од Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Влада) или друг државен орган. Членовите на органот на надзор, односно на органот на управување на операторот на системот за пренос на природен гас:

1) во постапка за донесување на одлуки согласно закон, не смеат да бараат ниту да прифаќаат упатства или насоки од Владата или друг државен орган, освен во случаите утврдени во Законот за енергетика, и
2) не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно на орган на управување на друштва коишто вршат производство или снабдување/трговија со природен гас или друштва коишто имаат можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва.

I.3. Согласно член 113 став (1) од Законот за енергетика, вршителот на дејноста пренос на природен гас мора да биде сертифициран како оператор на системот за пренос на природен гас на начин, во постапка и во рок утврдени со Законот за енергетика.

I.4. Понатаму, Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас со кој што се уредува постапката за утврдување на

усогласеноста со правилата со кои што се регулира раздвојувањето и независноста на операторот на системот за пренос (во натамошниот текст: Правилник за сертификација), Регулаторната комисија за енергетика го донесе на 1 август 2018 година и влезе во сила на 15 август 2018 година.

## II. ТЕК НА ПОСТАПКАТА

II.1. Согласно член 113 став (2) точка (1) од Законот за енергетика постапката за сертификација на операторот на системот за пренос на природен гас се спроведува на барање на операторот на системот за пренос на природен гас на кого му е издадена лиценца за вршење на дејноста пренос на природен гас.

Согласно член 113 став (3), ако операторот на системот за пренос на природен гас не е сертифициран должен е да достави барање за сертификација придружено со документи пропишани со Правилникот за сертификација.

Согласно член 113 став (4), во рок од четири месеци од денот на доставување на барање за сертификација од страна на операторот на системот за пренос на природен гас, Регулаторната комисија за енергетика донесува предлог одлука за сертификација на операторот на системот за пренос на природен гас и веднаш му ја доставува на Секретаријатот на Енергетската заедница, заедно со сите информации поврзани со предлог одлуката.

Согласно член 113 став (5), во рок од 60 дена по добивање на мислењето од страна на Секретаријатот на Енергетската заедница, Регулаторната комисија за енергетика, донесува одлука по барањето за сертификација. Регулаторната комисија за енергетика го зема предвид мислењето на Секретаријатот на Енергетската заедница, и ги објавува причините за можните отстапки од мислењето.

Согласно член 113 став (6), Регулаторната комисија за енергетика ја објавува одлуката за сертификација во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница, на која го објавува и мислењето издадено од Секретаријатот на Енергетската заедница.

II.2. Врз основа на член 113, став (2) од Законот за енергетика и член 3 од Правилникот за сертификација, операторот на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore, Joint Stock Company for performing energy activity natural gas transmission NOMAGAS Skopje in State Ownership, (во натамошниот текст: АД НОМАГАС Скопје), до Регулаторната комисија за енергетика на ден 2 октомври 2023 година поднесе барање за сертификација на операторот на системот за пренос на природен гас, бр. 11-2075/1 од 2 октомври 2023 година (во натамошниот текст: барање за сертификација).

Барањето за сертификација е доставено до Регулаторната комисија за енергетика под бр.11-2075 од 2 октомври, во печатена и електронска форма и содржи податоци за АД НОМАГАС Скопје, како и изјава дека се бара отпочнување на постапка за сертификација. Барањето за сертификација е

доставено на соодветниот образец содржан во Прилог 1 од Правилникот за сертификација. Кон барањето за сертификација, согласно член 3 став (3) од Правилникот за сертификација, беше поднесена и следната документација:

1) Список на документи и други податоци доставени кон барањето за сертификација на оператор на системот на пренос на природен гас (точка 1 кон барањето),
2) Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0805-50/150020230241983 од 19.09.2023 година (точка 2 кон барањето),
3) Статут на друштвото и други акти со кои се организира работата на друштвото и се утврдуваат надлежностите на одборот на директори на барателот (прилог 3 кон барањето) и тоа:
   - Статут на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост со бр.01-2/3 од 20.09.2023 година,
   - Одлука за изменување и дополнување на Статут на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост бр.15-3346/2 од 19.09.2023 година,
   - Деловник за работа на одборот на директори на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост бр.01-2889/1 од 22.06.2023 година,
4) Список на членови на одборот на директори на АД НОМАГАС-Скопје (прилог 4 кон барањето),
5) Акционерска книга и податоци за бројот на акции и бројот на гласови на секој акционер, издадена од Централен депозитар за хартии од вредност на 14 август 2023 година бр.01-3483/4 издадена од Централен депозитар за хартии од вредност, (точка 5 кон барањето),
6) Список на државни органи кои имаат контрола или некое друго право врз АД НОМАГАС Скопје, како и образложение дека не е контролирано од друг државен орган или трето лице бр.01-4084/4 од 29 август 2023 година,(точка 6 кон барањето),
7) Финансиски извештаи за последните три години со извештаи од овластен ревизор за извршената ревизија (точка 7 кон барањето),
   - Финансиски извештаи за годината што завршува на 31.12.2020 година и извештај на независните ревизори бр.01-3833/1 од 28.12.2021 година за НЕР АД Скопје, со прилози: Годишен извештај и Годишна сметка,
   - Финансиски извештаи за годината што завршува на 31.12.2020 година со извештај од независниот ревизор бр.0504-332/1 од 11.03.2021 година за ГА-МА АД Скопје, со прилози: Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење, Годишна сметка и Годишен извештај.
   - Финансиски извештаи за годината што завршува на 31.12.2021 година и извештај на независните ревизори бр.01-2382/1 од 29.07.2022 година за НЕР АД Скопје, со прилози: Годишен извештај и Годишна сметка,
   - Финансиски извештаи за годината што завршува на 31.12.2021 година со извештај од независниот ревизор бр.0504-890/1 од 18.04.2022 година за ГА-МА АД Скопје, со прилози: Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење, Годишна сметка и Годишен извештај,

- Годишна сметка пред статусна промена за период од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година, согласно спогодбата за спојување бр.01-2123/1 од 01.07.2022 година, со прилози: Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за останата сеопфатна добивка, објаснувачки белешки, посебни податоци за државна евиденција и структура на приходи по дејности, за НЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје,
- Финансиски извештаи за периодот од 01.07.2022 до 31.12.2022 година, согласно спогодбата за спојување бр.01-2123/1 од 01.07.2022 година, со прилози: Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за парични текови и Извештај за промени во капитал, за Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас АД НОМАГАС Скопје во државна сопственост,

8) Список на друштва коишто вршат енергетски дејности, коишто се поврзани со АД НОМАГАС Скопје согласно одредбите од Законот за трговски друштва (точка 8 кон барањето):
9) Известување од Министерство за економија за непоседување на лиценци/или други овластувања за вршење на енергетски дејности во РепубликаСеверна Македонија и/или во други земји, со број 12-3603/1 од 28. 09. 2023 година и арх.бр.кај операторот бр.03-4079/1 од 29.09.2023 година (точка 9 кон барањето),
10) Изјави заверени кај нотар од членовите на одборот на директори дека не се членови на орган на управување, односно на орган на надзор, односно вработени во друштво коешто врши производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас или во друштво коешто има можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тоа друштво (точка 10 кон барањето):

- Изјава дадена од Бајрам Реџепи, извршен член на Одборот на директори, бр.02-3720/2 од 31.08.2023 година, заверена на нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, бр. УЗП 2227/2023 од 31 август 2023 година,
- Изјава дадена од Дарко Башоски, неизвршен член на Одборот на директори, бр.02-3721/2 од 31.08.2023 година, заверена на нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, бр. УЗП 2230/2023 од 31 август 2023 година,
- Изјава дадена од Бетиане Китев, неизвршен и независен член на Одборот на директори, бр.02-3722/2 од 31.08.2023 година, заверена на нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, бр. УЗП 2232/2023 од 31 август 2023 година,
- Изјава дадена од Ристо Талевски, неизвршен член на Одборот на директори, бр.02-3723/2 од 31.08.2023 година, заверена на нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, бр. УЗП 2233/2023 од 31 август 2023 година,
- Изјава дадена од Рафис Аљити, неизвршен член на Одборот на директори, бр.02-3775/2 од 05.09.2023 година, заверена на нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, бр. УЗП 2284/2023 од 4 септември 2023 година,

11) Изјави заверени кај нотар од членовите на одборот на директори дека во постапка за донесување на одлуки согласно закон, не бараат ниту прифаќаат упатства или насоки од Владата или друг државен орган, освен во случаите утврдени во Законот за енергетика, (точка 11 кон барањето):

- Изјава дадена од Бајрам Реџепи, извршен член на Одборот на директори, бр.02-3720/1 од 31.08.2023 година, заверена на нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, бр. УЗП 2228/2023 од 31 август 2023 година,

- Изјава дадена од Дарко Башоски, неизвршен член на Одборот на директори, бр.02-3721/1 од 31.08.2023 година, заверена на нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, бр. УЗП 2229/2023 од 31 август 2023 година,
- Изјава дадена од Бетиане Китев, неизвршен и независен член на Одборот на директори, бр.02-3722/1 од 31.08.2023 година, заверена на нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, бр. УЗП 2231/2023 од 31 август 2023 година,
- Изјава дадена од Ристо Талевски, неизвршен член на Одборот на директори, бр.02-3723/1 од 31.08.2023 година, заверена на нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, бр. УЗП 2234/2023 од 31 август 2023 година
- Изјава дадена од Рафис Аљити, неизвршен член на Одборот на директори, бр.02-3775/1 од 05.09.2023 година, заверена на нотар Љубица Стефкова Начевска од Скопје, бр. УЗП 2285/2023 од 4 септември 2023 година,

12) Изјава од Извршен директор Бајрам Реџепи бр. 01-4084/6 од 29.09.2023 година дека нема вработени од НОМАГАС АД Скопје кои преминале во барателот, а извршувале раководни функции или биле членови на органи на управување, односно органи на надзор во друштва кои вршеле енергетска дејност производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас, во периодот од две години пред поднесување на барањето, (точка 12 кон барањето):

13) Изјава, заверена на нотар, дадена од страна на министерот за економија Крешник Бектеши, дека како министерство нема да даваат насоки и да влијае во донесувањето на одлуки на операторот на системот за пренос на природен гас,

14) Допис со доставена Програма за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје до РКЕ бр.10-3705/2 од 31.08.2023 година,

   - Решение за одобрување на Програмата за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување, бр.02-11-1855/3 од 09.10.2023 година,
   - Решение за одобрување на условите со кои се уредува мандатот или условите за вработување на службеникот за услогласеност утврдени во Правилник за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје, бр.02-11-1855/4 од 09.10.2023 година,

15) Правилник за видот на документите и податоците кои се сметаат за деловна тајна бр.03-3714/1 од 31.08.2023 година,
16) Потврда дека над друштвото не е отворена постапка за стечај, издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија бр.0806-50/150020230231439 од 11.09.2023 година,
17) Потврда дека над друштвото не е отворена постапка за ликвидација, издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија бр.0807-50/150020230231434 од 11.09.2023 година,
18) Органограм на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост,

19) Организациона структура на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, бр.01-4084/7 од 29.09.2023 година,

20) Список на основните средства преку кои ја врши дејноста и кои се во сопственост на барателот или кои што по друг правен основ ги користи-Податоци согласно сметководствена евиденција кои се однесуваат на: гасоводна мрежа, опрема на ГМРС и ГМС, МРС катодни станици, гас детектори, разни инструменти, згради каде е сместена опремата на ГМРС И ГМС, дополнителни извори на електрична енергија, диспечерски центар со сета компјутерска и телекомуникациска опрема, деловен простор и градежни парцели,

21) Доказ за правото на сопственост, односно право на користење на дел од основните средства преку кои ја врши дејноста и/или доказ дека е започната постапката за упис на правото на сопственост и/или евиденција на недвижностите преку кои се врши дејноста во Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија:

- Имотен лист за инфраструктурни објекти бр.4188,
- Имотен лист за инфраструктурни објекти бр.4157,
- Имотен лист за инфраструктурни објекти бр.4158,
- Имотен лист за инфраструктурни објекти бр.4108,
- Имотен лист за инфраструктурни објекти бр.4118,
- Имотен лист за инфраструктурни објекти бр.4131,
- Имотен лист за инфраструктурни објекти бр.4132 и

22) Изјава бр. 01-4084/8 од 29.09.2023 година, дадена од страна на Бајрам Реџепи, Извршен директор на НОМАГАС АД Скопје.

II.3. Регулаторната комисија за енергетика, постапувајќи по барањето за сертификација и приложената документација утврди определени недостатоци по што на 7 декември 2023 година донесе Решение бр.11-2075/1, со кое утврди дека барањето за сертификација е нецелосно и дека се потребни дополнувања и проверка на веродостојноста на поднесената документација и со истото решение го задолжи АД НОМАГАС Скопје да ги достави следните документи, информации и податоци:

- Пречистен список на основни средства за вршење на дејноста пренос на природен гас согласно важечкиот Закон за енергетика, и
- Дополнителна пропратна документација (проекти, елаборати и друго) како потврда за доставените имотни листови за инфраструктурни објекти.

Барањето за сертификација на операторот на систем за пренос на природен гас бр. 11-2075/1 од 02.10.2023 година на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, беше нецелосно и беа потребни дополнувања и проверка на веродостојноста на поднесената документација, поради што на 6 декември 2023 година Регулаторната комисија за енергетика со решение бр. 11-2075/3 од 6 декември 2023 година го задолжи НОМАГАС АД Скопје дополнително да достави пречистен список на основни средства за вршење на дејноста пренос на природен гас согласно важечкиот Закон за енергетика и дополнителна пропратна документација (проекти, елаборати и друго) како потврда за доставените имотни листови за инфраструктурни објекти.

II.4. НОМАГАС АД Скопје, постапувајќи по Решението донесено од страна на Регулаторната комисија со допис бр. 01-4084/12 на ден 27.12.2023 ги достави следниве прилози:

- список на основните средства преку кои ја врши дејноста – пренос на природен гас со направено прецизирање на средствата со кои се врши дејноста согласно барањето.
- дополна на имотни листови за недвижнини во сопственост на НОМАГАС АД Скопје (административни објекти, земјиште каде е во тек изградба на нови индустриски објекти за потребите на НОМАГАС АД Скопје):
  - имотен лист бр.419, КО Ражаничино Општина Петровец (г.п.6.26)
  - имотен лист бр. 1277, КО Ражаничино Општина Петровец (г.п.6.26)
  - имотен лист 1546 КО Ражаничино Општина Петровец (г.п.6.25)
  - имотен лист 1561 КО Ражаничино Општина Петровец (г.п.6.27)
  - имотен лист 1563 КО Ражаничино Општина Петровец (г.п.6.27)
  - имотен лист 41958 (деловен простор на бул. Св. Климент Охридски)

- Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект арх.бр. 58 УП-879/2016 од 08.06.2023, со кој е извршен упис на правото на сопственост и евиденција на недвижностите за целиот магистрален гасовод вклучувајки ги и разводните гасоводи према градовите кои се дел од системот за пренос на природен гас.

II.5. Регулаторната комисија за енергетика по разгледување на целокупно доставената документација во постапката по барањето за сертификација, констатираше дека доставената документација е уредна и целосна и утврди исполнетост на барањата кои се пропишани со Законот за енергетика. Согласно член 113 став (4) од Законот за енергетика и член 5 став (1) од Правилникот за сертификација, Регулаторната комисија за енергетика изготви предлог одлука за сертификација со фактичката состојба на 22 јануари 2024 година и ја достави до Секретаријатот на Енергетската заедница.

II.6. На 21 мај 2024 година, Регулаторната комисија за енергетика го доби Мислењето бр. 1/24 за сертификацијата на НОМАГАС издадено од Секретаријатот на Енергетската заедница (Opinion 1/24 pursuant to Article 3(1) of Regulation (EC) No 715/2009 and Article 10(6) of Directive 2009/73/EC – Republic of North Macedonia – Certification of NOMAGAS). Со мислењето Секретаријатот даде целосна поддршка на процесот на сертификација на НОМАГАС АД Скопје, со укажувања за разделување на активностите поврзани со пазарот на природен гас од активностите кои ги врши операторот на системот за пренос на природен гас согласно закон. Регулаторната комисија за енергетика ги прифати препораките од Енергетската заедница и согласно тоа во точката 2.2 од диспозитивот на ова Одлука го задолжи назначениот оператор на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија на секои шест месеци да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, за преземените активности поврзани со постапката за одвојување на функцијата на операторот на пазар во посебно друштво кое ќе ги врши работите што се однесуваат на организација, ефикасно функционирање и развој на организираниот пазар на природен гас.

## III. НАОДИ

Во постапката за сертификација на НОМАГАС АД Скопје, земајќи ги предвид сите доставени документи, податоци и информации, Регулаторната комисија за енергетика ги утврди фактите како што следи:

### III.1. НОМАГАС АД Скопје и други вршители на енергетска дејност во државна сопственост или врз коишто државата остварува контрола

Со ратификацијата на Договорот за основање на Енергетската Заедница Република Северна Македонија презеде обврска за транспонирање на енергетското законодавство на Европската Унија во националното законодавство. Со цел да се обезбеди транспарентно и недискриминаторно вршење на дејноста пренос на природен гас како и независност на операторот на системот за пренос на природен гас од вршењето на другите енергетски дејности во Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 236/22) е утврдена обврска за сопственичко раздвојување на операторите на системите за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, при што сопственичкото раздвојување на операторот на системот за пренос на природен гас е уредено во членовите 109, 110, 111 и 112 во согласност со одредбите од Директивата за внатрешниот пазар на природен гас 2009/73 на Европскиот Парламент и на Советот од 19 јули 2009 година.

Сопственичкото раздвојување на операторот на системот за природен гас не ја следеше динамиката на сопственичкото раздвојување на операторот на електропреносниот систем и на операторот на електродистрибутивниот систем поради спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и МАКПЕТРОЛ АД Скопје во однос на сопственичките права врз ГА-МА АД – Скопје. Овој спор беше разрешен на 28 Декември 2020 година, со донесувањето на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и МАКПЕТРОЛ АД Скопје по пат на спогодба („Службен весник на Репбулика Северна Македонија“ бр. 317/2020) со кој беше утврдена обврска за Владата да склучи Спогодба за регулирање на меѓусебните односи, за која е постигната согласност помеѓу Владата на Република Северна Македонија и МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ пред Центарот за решавање на спорови и преговори при Секретаријатот на Енергетската Заедница во Виена на 5 ноември 2019 година. Во јули 2021 година, МАКПЕТРОЛ АД Скопје достави понуда до Владата на Република Северна Македонија за откуп на акциите во ГА-МА АД Скопје, при што на крајот од август 2021 преку блок трансакција реализирана преку Македонската берза за хартии од вредност, а со уписот во депозитарот од ден 30.08.2021 Владата на Република Северна Македонија стана единствен сопственик во ГА-МА АД – Скопје.

Преку НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ (НЕР) АД Скопје во целосна сопственост на Владата, беа изградени гасоводи низ целата држава. Со цел да се обезбеди нивно непречено функционирање, потребно беше овие гасоводи да се спојат со системот на природен гас со кој управува ГА-МА АД – Скопје, а со сите гасоводи во целина како систем да управува едно трговско друштво – оператор на системот за пренос на природен гас. Од тие причини потребно беше да се изврши статусна промена, односно спојувањето на двете друштва НЕР АД Скопје и ГА-МА АД - Скопје во едно друштво, кое со спојувањето ќе биде во целосна сопственост на Владата.

Владата, на Четириесеттата седница одржана на 15 Февруари 2022 година донесе Заклучок според кој се задолжуваат органите на управување на НЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје да започнат постапка за статусна промена спојување на двете трговски друштва, како и се задолжуваат извршните директори на НЕР АД Скопје и на ГА-МА АД Скопје да ги стават на располагање сите акти, документи и други податоци кои директно или индиректно се потребни за спојувањето на двете трговски друштва, како и ресурсите потребни за спроведувањето на сите дејствија во овој процес на спојување.

Во таа насока на 01.07.2023 година беше склучена Спогодбата за статусна промена – спојување помеѓу НЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје, во која се усогласени условите под коишто ќе се изврши спојувањето како и Предлог-Статутот кој претставува составен дел од Спогодбата, по што се преземени останатите дејствија предвидени во Законот за трговските друштва.

Владата во својство на собрание на акционери на НЕР АД Скопје и во својство на собрание на акционери на ГА-МА АД Скопје на седницата одржана на 14.12.2022 година ги донесе одлуките за потврдување на спогодбата за спојување согласно член 528 од Законот за трговските друштва, го донесе Статутот на новото друштво – корисник НОМАГАС АД Скопје кое настана со спојувањето, како и потребните одлуки, извештаи и изјави согласно одредбите за симултано основање на акционерско друштво, меѓу кои спаѓаат:

- Одлука за потврдување на Спогодбата за статусна промена – спојување на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НЕР АД Скопје во државна сопственост со ЕМБС 6664903 и Акционерското друштво ГА-МА – Скопје со ЕМБС 5135419;
- Одлука за усвојување на Статутот на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост;
- Изјава по член 29 од Законот за трговските друштва за основање на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност НОМАГАС Скопје во државна сопственост;
- Извештај за текот на основањето на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (Основачки извештај);

На 30.12.2022 година е извршен упис на статусната промена во трговскиот регистар, по што започнува да работи Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

Согласно член 110 став (1) од Законот за енергетика, Министерството економија е сопственик на друштвото коешто е оператор на системот за пренос на природен гас, а врз основа на член 238 став (1) од Законот, Владата треба да ги пренесе акциите на сопственикот на друштвото од членот 110 став (1) од Законот, односно Министерството за економија.

Владата врз основа на член 238 став (1), а во врска со член 110 став (1) од Законот за енергетика, донесе Одлука за пренос на акциите од сопственост на Владата во сопственост на Министерството за економија бр.41-5705/4 од 01.08.2023 година, а Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје врз основа на 238 став (2) од Законот за енергетика на 10.08.2023 година го

запиша преносот на сопственоста на акциите, со што Министерството за економија стана единствен акционер во НОМАГАС АД Скопје.

Министерството за економија во својство на собрание на акционери на НОМАГАС АД Скопје донесе Одлука за изменување и дополнување на Статутот на НОМАГАС АД Скопје бр.15-3346/2 од 19.09.2023 година со која се усогласени одредбите за единствен акционер и собрание на акционери, а воедно за потребите на претстојниот процес на сертификација, Статутот е дополнет со одредби за службеник за усогласеност кој НОМАГАС АД Скопје како Оператор на системот за пренос на природен гас треба да го има според Законот за енергетика. Согласно наведената одлука, на 20.09.2023 година е донесен пречистен текст на Статутот.

### III.1.1. НОМАГАС АД Скопје

#### *III.1.1.1. Сопственичка структура*

НОМАГАС АД Скопје е основано со статусна промена – спојување на НЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје и запишано во трговскиот регистар на 30.12.2022 година.

Врз основа на увидот во Акционерската книга (точка 5 кон барањето) се утврди дека вкупниот номинален капитал на НОМАГАС АД Скопје изнесува 61.667.800 EUR поделен во 616.678 обични акции со право на глас со номинална вредност од 100,00 EUR по акција. Секоја обична акција му дава на нејзиниот сопственик право на глас за прашањата за кои гласаат акционерите на НОМАГАС АД Скопје.

Согласно член 278 од Законот за трговски друштва, обичните акции се акции кои им даваат на нивните сопственици:

- право на глас во собранието на друштвото;
- право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- право на исплата на дел од остатокот од ликвидациона, односно стечајната маса на друштвото.

Акциите на НОМАГАС АД Скопје се во сопственост на Министерство за економија и истите се запишани во Централен депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија на 10 август 2023 година врз основа на член 238 ставови (1) и (2) од Законот за енергетика. Согласно член 110, став (2) од Законот за енергетика, Министерството за економија како единствен акционер во Собранието на акционери на НОМАГАС АД Скопје е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување на друштвото и не смее да прифаќа упатства или насоки од Владата или друг државен орган.

Правата и обврските на собранието на НОМАГАС АД Скопје ги врши Министерството за економија како единствен акционер. Собранието на акционери своите права и обврски ги врши на начин утврден со член 383 од Законот за трговски друштва и Статутот на НОМАГАС АД Скопје. Врз основа на член 47 од Законот за организација и работа на органите на државната управа е утврдено дека со работата на министерството раководи министер, а според член 49 од овој закон министерот го претставува министерството, согласно наведеното со Собранието на акционери претседава министерот економија, а во случај на негово отсуство или спреченост претседава лице овластено од

него со полномошно, на начин и во постапка предвидена согласно член 392 од Законот за трговски друштва.

Собранието на акционери се свикува во случаите определени со Закон за трговски друштва, како и кога тоа го бара интересот на НОМАГАС АД Скопје и на Министерството за економија.

Собранието на акционери одлучува само за прашања изречно определени со Законот за трговски и друштва и Статутот на НОМАГАС АД Скопје (точка 3 кон барањето), а особено за:

- одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работа на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
- избор и отповикување на членовите на Одборот на директори;
- одобрување на работа и на водењето на работењето со друштвото на членови на Одборот на директори;
- политиката за наградување на членовите на одборот на директори, на предлог на одборот на директори;
- зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
- промена на правата врзани за одделни родови и класи акции
- престанување на друштвото;
- издавање акции и други хартии од вредност;
- назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи
- преобразба на друштвото во друга форма на друштво;
- статусни промени на друштвото;
- измена на статут;
- одобрување на големи зделки и зделки со заинтересирана страна, во случаите кога согласно закон и статутот одобрувањето е во надлежност на собранието на друштвото;
- давање согласност на актот за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во акционерското друштво;
- одлучува за други прашања согласно закон и статутутот.

Од друга страна, Собранието на акционери не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на работењето на друштвото што се во надлежност на органите на управување.

### *III.1.1.2. Одбор на директори*

Управувањето со НОМАГАС АД Скопје е организирано во едностепен систем со одбор на директори. Одборот на директори во рамките на овластувања определени со закон и статутот има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на друштвото со исклучок на посебните овластувања дадени на неизвршните членовите на одборот. Членовите на одборот на директори ги избира собранието на акционери на НОМАГАС АД Скопје. Од членовите избрани во одборот на директори, одборот на директори именува еден извршен член. Одборот на директори е составен од

пет члена, од кои еден е извршен член и четири се неизвршни членови. Еден од неизвршните членови на одборот на директори е независен член. Одборот на директори од редот на своите неизвршни членови избира претседател на одборот. Членовите на одборот на директори се бираат за време од 6 (шест) години.

Членови на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје се:

1. Ристо Талевски – неизвршен член и Претседател на Одборот на директори;
2. Рафис Аљити – неизвршен член на Одборот на директори;
3. Бетиане Китев – неизвршен независен член на Одборот на директори;
4. Дарко Башоски – неизвршен член на Одборот на директори; и
5. Бајрам Реџепи – извршен член на Одборот на директори.

*Ристо Талевски* е избран за претседател на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје.

*Бајрам Реџепи* е избран за извршен член на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје – го носи називот Извршен директор.

Претседателот на одборот на директори ги има следните овластувања:

- ги свикува состаноците на одборот на директори
- го утврдува Дневниот ред и претседава/раководи со состанокот на одборот на директори,
- го организира и надгледува функционирањето на одборот на директори и неговите комисии,
- се грижи за соодветно и благовремено доставување на информации и материјали потребни за работа на Одборот на директори,
- се грижи за правилно, ефикасно и благовремено вршење на овластувањата што со овој Статут и Законот за трговски друштва му се доверени на одборот на директори на Друштвото.

Во случај на спреченост на претседателот со седницата претседава член на Одборот што преходно го овластил претседателот на Одборот.

Одборот на директори може да одлучува и без одржување состанок ако сите членови на одборот на директори дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување состанок.

Одборот на директори може да заседава и да донесува одлуки само ако на состанокот присуствуваат мнозинството членови на одборот од кои бројот на присутните неизвршни членови мора да биде поголем од бројот на присутни извршни членови

Одборот на директори ги донесува одлуките со мнозинство гласови на присутни членови на одборот.

Согласно член 20 од Статутот на НОМАГАС АД Скопје (точка 3 кон барањето), Одборот на директори ги врши следните работи:

- ја утврдува и води деловната политика на друштвото;

- донесува општи и поединечни акти чие што донесување не е во надлежност на Собранието;
- ги донесува сите акти кои се предвидени со прописите за енергетика а се однесуваат на вршењето на енергетската дејност на друштвото;
- ги донесува плановите и програмите за работа на Друштвото и дава насоки за нивно спроведување;
- одлучува за организациски промени;
- донесува акти за внатрешна организација, систематизација и вреднување на работните места во друштвото, како и за уредување на прашања од областа на работните односи;
- донесува правилник за деловна тајна;
- одлучува за основање и престанување на подружница;
- одлучува за стекнување или отуѓување на недвижен имот и стварни права врз нив, кои не се во надлежност на собранието;
- изготвува тримесечни извештаи за работата и материјално-финансиското работење на друштвото, кои ги доставува до единствениот акционер;
- изготвува годишен извештај за работењето на друштвото кој го поднесува до собранието на друштвото;
- изготвува предлог за распоредување на добивката, кој го поднесува до собранието на друштвото;
- донесува Деловник за работа на одборот на директори;
- одлучува за склучување договори за кредит и засновање на залог, согласно одредбите од закон и овој статут;
- организирање на работата на друштвото, обезбедување на стопанисувањето и чувањето на имотот на друштвото;
- изготвува предлог за зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
- ги донесува сите одлуки во кои предметот на одлучување е со вредност над 50.000 евра, ако за нивното усвојување гласале мнозинството од вкупниот број на неизвршните членови на Одборот на директори;
- дава согласност за службените патувања во странство, во случај кога патуваат повеќе од тројца вработени од друштвото.

Друштвото во внатрешниот и надворешниот промет го застапува извршниот директор. Со исклучок на овластувањата за коишто со закон и овој статут изречно е определено дека ги врши одборот на директори, извршниот член согласно овој статут го води работењето на друштвото и има најшироки овластувања да ги врши сите работи сврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на одборот на директори и вршењето на тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности од името на друштвото.

Одборот на директори не може да ги пренесе врз извршниот член овластувањата кога се одлучува за:

- затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото;
- намалување или проширување на предметот на работење на друштвото;
- воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување;

- основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десеттина од основната главнина на друштвото;
- суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на друштвото;
- основање и престанување на подружници на друштвото; и
- именување на службеник за усогласеност согласно Законот за енергетика.

### *III.1.1.3. Службеник за усогласеност*

Согласно член 112 став (2) од Законот за енергетика и член 31-а од Статутот на НОМАГАС АД Скопје, неизвршните членови на одборот на директори во својство на орган на надзор чии овластувања се однесуваат на надзор на управувањето со друштвото го именуваат и разрешуваат службеник за усогласеност по претходно одобрение од страна на Регулаторна комисија за енергетика согласно Законот за енергетика, ако за тоа гласале мнозинството од вкупниот број на неизвршните членови на Одборот на директори.

Согласно член 112, став (5) од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр.11-1855/6 од 09.10.2023 година ги одобри условите со кои се уредува условите и критериумите за именување, мандатот на службеникот за усогласеност, делокругот на работа, како и сите потребни услови за остварување на неговите овластувања и извршување на неговите должности.

Согласно член 112, став (2) од Законот за енергетика НОМАГАС АД Скопје со допис бр.04-5485/5 од 27.12.2023 година, достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика предлог за назначување на *Дарко Бундалески* за службеник за усогласеност во НОМАГАС АД Скопје.

Во прилог на дописот, НОМАГАС АД Скопје достави Одлука бр.02-5629/17 од 28.12.2023 со која се именува Дарко Бундалески за службеник за усогласеност во НОМАГАС АД Скопје, а која ќе произведе правно дејство по одобрување на назначувањето од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Одлуката бр.02-5629/17 од 28.12.2023 е донесена од неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје по спроведување на постапка со објавување на јавен оглас за именување на службеник за усогласеност објавен на 16.12.2023 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ и на веб страницата на НОМАГАС АД Скопје . Исто така, во прилог на дописот, НОМАГАС АД Скопје достави и биографија и документацијата поднесена со пријавата од кандидатот Дарко Бундалески.

Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр.11-2730/2 од 29 декември 2023 година го одобри назначувањете на Дарко Бундалески за службеник за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје.

Службеникот за усогласеност во рамки на своите овластувања утврдени согласно Законот за енергетика, Статутот на НОМАГАС АД Скопје и Правилникот за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност е должен:

1. да го следи спроведувањето на Програмата за усогласеност и да изработи и достави до Регулаторната комисија за енергетика годишен извештај за преземање мерки за нејзино спроведување,

2. доставува извештаи до неизвршените членови на одборот на директори во својство на орган на надзор и да дава препораки во однос на програмата за усогласеност и нејзината реализација,
3. ја известува Регулаторната комисија за енергетика за значителни прекршувања во спроведување на програмата за усогласеност,
4. ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика предложениот инвестициски план или предложените одлуки за поединечни инвестиции во системот за пренос на природен гас, истовремено кога органот на управување на операторот на системот за пренос на природен гас ги доставува тие одлуки до неизвршените членови на одборот на директори во својство на орган на надзор,
5. континуирано да ги следи и оценува деловните активности на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје заради процена и утврдување на нивната независност при постапувањето, како и заради процена на ризикот од евентуална неусогласеност на нивните активностите со важечките законски и/или подзаконски прописи, Програмата за усогласеност, Статутот и другите акти на НОМАГАС АД Скопје,
6. да прави процена на изложеноста на ризик од појава на било каков облик на перење на пари и/или корупција и да презема мерки за превенција и нивно спречување во согласност со важечките законски прописи за спречување на корупција и за спречување на перење пари при што соработува со службата за внатрешна ревизија и соодветните стручни служби на НОМАГАС АД Скопје,
7. да ги извести неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје за потенцијален или постоечки судир на интереси на вработените во НОМАГАС АД Скопје,
8. да обезбеди консултации во однос на спречување и/или отстранување на потенцијален или постоечки судир на интереси, како и да предлага превентивни и/или корективни мерки,
9. да врши едукација, советување, обуки и информирање на одборот на директори и вработените на НОМАГАС АД Скопје со цел постапување во согласност со начелата за независност, транспарентност и непристрасност при работењето, превенција од секаков облик на перење на пари и/или корупција, како и спроведување и примена на Програмата за усогласеност,
10. да присуствува на седниците на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје ако согласно доставениот дневен ред за таа седница процени дека се содржани точки кои се во делокругот на неговите обврски и овластувања а особено на седниците кога се одлучува за:
    - условите поврзани со услугите за пристап и користење на системот за пренос на природен гас, а особено во однос на надоместоците за користење, доделувањето на преносниот капацитет и управувањето со загушувањата;
    - проекти поврзани со управувањето, одржувањето и развојот на системот за пренос на природен гас, вклучувајќи ги и инвестициите во приклучоците и во интерконективните капацитети и
    - набавка или продажба на природен гас неопходен за функционирање на системот за пренос на природен гас, вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.
11. да го следи исполнувањето на обврските на вработените во однос на реализација на Програмата за усогласеност,
12. да обезбеди доверливост на деловните податоци и безбедно, одговорно и соодветно управување со податоците, како и за заштита на личните податоци согласно позитивните законски и подзаконски прописи,

13. да прави проценка за потребата од измена и дополнување на интерните акти на НОМАГАС АД Скопје и да предлага донесување на нови интерни акти,
14. да соработува со секторите/подружниците во НОМАГАС АД Скопје и нивните стручни оддели/служби/одделенија,
15. да ја следи усогласеноста на процесот на работа во НОМАГАС АД Скопје со Законот за енергетика и другата позитивна законска рамка и каде е што е потребно да презема дополнителни корективни мерки и активности,
16. да врши и други работи согласно Законот за енергетика, Статутот на НОМАГАС АД Скопје и Програмата за усогласеност.

Согласно член 112 став (4) од Законот за енергетика, неизвршните членови на одборот на директори во својство на орган на надзор чии овластувања се однесуваат на надзор на управувањето со друштвото можат, по претходно одобрение од Регулаторната комисија за енергетика, да го разрешат службеникот за усогласеност. По барање на Регулаторната комисија за енергетика, неизвршните членови на одборот на директори го разрешуваат службеникот за усогласеност заради неисполнување на условите за независност или стручност.

#### *III.1.1.4. Организациска структура*

Согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места во НОМАГАС АД Скопје работните места се групирани во организациони единици врз основа на видот, сродноста и поврзаноста на работните должности. Организациони единици во Друштвото се служба за внатрешна ревизија, службеник за усогласеност, сектори, одделенија во нивен состав и кабинет на извршен директор, со соодветна структура од раководни, стручни и техничко-административни кадри. , Согласно организационата структура (точка 18 кон барањето) во внатрешната организација на друштвото утврдени се следните организациони облици:

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** — **СЛУЖБЕНИК ЗА УСОГЛАСЕНОСТ**

**ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР** — **ПОМОШНИК ДИРЕКТОР**

**КАБИНЕТ НА ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР**

**СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА**

**СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ И КОМЕРЦИЈА**

**СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ**

**СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА**

| |
|---|
| **СЕКТОР ЗА ИЗГРАДБА НА ГАСОВОДЕН СИСТЕМ**<br><br>**СЕКТОР ЗА ДИСПЕЧЕРСКИ ЦЕНТАР**<br><br>**СЕКТОР ЗА МРЕЖЕН ИНЖЕНЕРИНГ И ТЕХНИЧКИ РАБОТИ**<br><br>**СЕКТОР ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ**<br><br>**СЕКТОР ЗА ПРИЕМ НА ГАС – ЖИДИЛОВО** |

1) Човечки ресурси

Заклучно со 31 декември 2023 година, вкупниот број на вработени во НОМАГАС АД Скопје, во поодделни сектори изнесува 86 лица од кои:

- 1 Извршен директор со (високо образование);
- 1 Помошник директор со (високо образование);
- 1 Службеник за усогласеност со (високо образование);
- 1 вработен во Служба за внатрешна ревизија со (високо образование);
- 6 вработени во Кабинет на извршен директор (5 вработени со високо образование, 1 вработен со средна стручна спрема);
- 16 вработени во Сектор за правни работи и експропријација (8 вработени со високо образование, 7 вработени со средна стручна спрема и 1 вработен со основно образование):
- 8 вработени во Сектор за финансии и комерција (8 вработени со високо образование):
- 2 вработени во Сектор за меѓународна соработка, развој и инвестиции (1 вработен со високо образование, 1 вработен со средна стручна спрема):

- 3 вработени во Сектор за заштита на животна средина и безбедност при работа (3 вработени со високо образование):
- 4 врабитени во Сектор за изградба на гасоводен систем (4 вработени со високо образование):
- 11 вработени во Сектор за диспечерски центар (5 вработени со високо образование, 6 вработени со средна стручна спрема):
- 3 вработени во Сектор за мрежен инженеринг и технички работи (3 вработени со високо образование):
- 17 вработени во Сектор за експлоатација и одржување (6 вработени со високо образование, 11 вработени со средна стручна спрема):
- 12 вработени во Сектор за прием на гас – Жидилово (5 вработени со високо образование, 7 вработени со средна стручна спрема):

Структурата на вработените во НОМАГАС АД Скопје по вид и степен на образование е следна:

- 4 електро инженери,
- 15 машински инженери,

- 2 градежни инженери,
- 7 правници,
- 11 економисти,
- 22 вработени со друг вид високо образование, и
- 35 вработени со средна стручна спрема.

Членовите на одборот на директори се со следното образование: 1 ИТ инженер, 1 правник и 2 политиколози и 1 економист.

Во член 3 став (3) точка 12) од Правилникот за сертификација е предвидено дека вработените кои преминале во НОМАГАС АД Скопје, а извршувале раководни функции или биле членови на органи на управување, односно органи на надзор во друштва кои вршеле енергетска дејност производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас, во периодот од две години пред поднесување на барањето за сертификација, треба да доставaт изјава дека нема да пренесуваат деловно чувствителни информации на друштвата кои вршат производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас. Со прилозите кон барањето за сертификација (точка 12 кон барањето) е наведено дека согласно расположливите податоци нема вработени во НОМАГАС АД Скопје кои преминале во барателот, а извршувале раководни функции или биле членови на органи на управување, односно органи на надзор во друштва кои вршеле енергетска дејност производство на електрична енергија и/или природен гас, како и трговија и снабдување со електрична енергија и/или природен гас, во периодот од две години пред поднесување на барањето.

### ***III.1.1.5. Лиценци***

НОМАГАС АД Скопје е носител на лиценци за вршење на енергетската дејност пренос на природен гас со евидентен број: ПГ-ОПС-02-2005, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/05, 135/06,45/17 и 4/23), која е со рок на важност до 25 октомври 2040 година.

Согласно член 109 став (4) од Законот за енергетика, Друштвото кое поседува лиценца за вршење на дејноста пренос на природен гас не може да има лиценци и не може да биде вклучено во вршење на дејностите производство, организирање и управување со пазарот на природен гас, дистрибуција, трговија со природен гас или снабдување со природен гас. Но, исто така согласно предоната одредба во член 238 став 5, операторот на системот за пренос на природен гас ја врши функцијата на оператор на пазар на природен гас, до определување на друштво на кое ќе му биде доделена лиценца за оператор на пазар на природен гас. Во случајов НОМАГАС АД Скопје ќе ја врши функцијата на оператор на пазар, до определување на друштво на кое ќе му биде доделена лиценца за оператор на пазар на природен гас.

### ***III.1.1.6. Обврски на АД НОМАГАС Скопје како оператор на системот за пренос на природен гас***

Операторот на системот за пренос на природен гас ја одржува, надградува и проширува преносната мрежа за природен гас, управува со системот за пренос на природен гас, и обезбедува поврзување со други системи вклучувајќи и системи за пренос на природен гас на други држави.

Операторот на системот за пренос на природен гас, во согласност со Законот за енергетика и прописите и правилата донесени врз основа на овој Законот за енергетика, има обврска:

- да придонесе за сигурност во снабдувањето со природен гас, преку обезбедување на сигурен, безбеден, економски исплатлив и квалитетен пренос и испорака на природен гас преку системот за пренос,
- да обезбеди доверливо и сигурно функционирање на системот за пренос на природен гас и унапредување на оперативноста,
- во секое време да има на располагање материјални, технички и човечки ресурси, како и финансиски средства потребни за исполнување на своите обврски во однос на развојот, надградувањето и одржувањето на системот за пренос на природен гас,
- да им ги обезбеди сите информации потребни за пристап и користење на системот за пренос на природен гас и да им обезбеди пристап на корисниците на системот за пренос на природен гас,
- да ги одобри барањата на корисниците за приклучување на системот за пренос согласно мрежните правила за пренос на природен гас, доколку тоа е економски оправдано,
- да ги објави на својата веб страница тарифите за пренос, претходно одобрени од Регулаторната комисија за енергетика,
- да гради нови и да ги надградува постојните интерконективни капацитети со соседните држави, водејќи сметка за ефикасно искористување на постојните интерконективни капацитети и рамнотежа помеѓу инвестициските трошоци и придобивките за потрошувачите,
- да ги обезбеди прекуграничните текови на природен гас преку својата мрежа за пренос во рамките на расположивиот преносен капацитет,
- да изработи годишен план за одржување на системот за пренос и по неговото одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика да го објави на својата веб страница,
- да изработи конечен дневен распоред за пренос и оптоварување на системот за пренос на природен гас и да ги евидентира и чува податоците добиени во процесот на изработка на конечниот дневен распоред,
- да обезбеди дневно диспечирање и управување во реално време со протокот на природен гас водејќи сметка за внатрешните и прекуграничните трансакции преку системот за пренос на природен гас, врз основа на конечниот дневен распоред,
- да обезбеди синхронизирана работа на системот за пренос на природен гас со системите за пренос со кои е директно поврзан, како и да соработува и разменува податоци со операторите на други системи за пренос на природен гас,
- да објавува податоци и навремено да обезбеди информации од операторите на соседните системи за пренос на природен гас за расположивите преносни капацитети на интерконективните водови или транснационалните гасоводи, заради обезбедување

на ефикасен, недискриминаторен, објективен и транспарентен пристап и користење на системот за пренос на природен гас,

- да обезбеди инсталирање и одржување на мерни уреди и да го мери протокот на природен гас на сите мерни места во точките за прием и испорака во системот за пренос и да ги достави податоците од мерењата до корисници на системот и до операторот на пазарот на природен гас,
- да им обезбеди пристап на корисниците на системот за пренос на природен гас до мерните уреди што се во негова сопственост,
- да набави системски услуги за балансирање на системот за пренос на природен гас, согласно правилата за балансирање на системот за пренос на природен гас,
- да воспостави и води регистар на даватели на услуги за балансирање и регистар на балансно одговорни страни,
- да изготви правила за набавка на природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природен гас и да ги достави до Регулаторната комисија за енергетика за одобрување,
- да набави природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природен гас со цел да обезбеди сигурно и доверливо функционирање на системот за пренос на природен гас по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин,
- да ги решава преоптоварувањата во преносната мрежа за природен гас, во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас,
- да обезбеди балансирање на системот за пренос на природен гас и порамнување на отстапувањата и услугите за балансирање, во однос на давателите и корисниците на услугите за балансирање, како и да ги обезбеди пресметувањето, фактурирањето и наплатата на услугите за балансирање,
- да води евиденција и распоред на физичките трансакции и да ги утврди потребните измени во распоредот на диспечирање на природен гас во случај на загрозување во снабдувањето со природен гас, хаварии или поголеми отстапувања на потрошувачката на природен гас од утврдените количини во рамките на техничките можности на системот за пренос на природен гас, при што трошоците за набавка на природниот гас, со примена на балансниот механизам, се надоместуваат од учесниците на пазарот на природен гас коишто предизвикале отстапување,
- да им обезбеди доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за пренос на природен гас,
- да учествува во работата на регионалните и меѓународните организации, и
- навремено да им обезбеди информации на операторите на преносните и дистрибутивните системи на природен гас со кои е поврзан со цел сигурно и ефикасно функционирање на системите и интерконективните водови.

Операторот на системот за пренос на природен гас на учесниците на пазарот на природен гас им го става на располагање, на сите влезни и излезни точки, севкупниот капацитет на системот водејќи притоа сметка за интегритетот на системот и ефикасното функционирање на мрежата.

Операторот на системот за пренос на природен гас е должен да води диспечерска книга, записи за доверливоста на системот за пренос, податоци од системот за надзор и управување и мерни податоци и тие книги, записи и податоци да ги чува најмалку десет години,

Операторот на системот за пренос на природен гас е должен на начин утврден со мрежните правила за пренос на природен гас да води евиденција за работењето на системот за пренос и за тоа да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, по нејзино барање.

Операторот на системот за пренос на природен гас може привремено да ја прекине испораката на природен гас од преносната мрежа со која управува при вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, поправки, одржување, реконструкции и проширувања на објектите, уредите и инсталациите, приклучување на нови корисници, како и во случај на потреба од спречување на ризици од нарушување во системот за пренос на природен гас. Начинот, постапката и известувањата за вакиве прекини, операторот на системот за пренос ги врши во согласност со мрежните правила за пренос на природен гас.

Операторот на системот за пренос на природен гас заради надзор, контрола и одржување има право на пристап до инсталациите и мерно-регулационите станици коишто се составен дел на преносната мрежа со која управува, а кои се наоѓаат на имотите на потрошувачите, на начин и под услови утврдени во мрежните правила за пренос на природен гас.

Операторот на системот за пренос на природен гас е должен секоја година да подготвува план за развој на системот за пренос на природен гас за период од наредните десет години. Содржината на планот се уредува со мрежните правила за пренос на природен гас и во него се содржани сите потребни информации за проширувањето и надградбата на системот за пренос на природен гас, вклучувајќи ги и приоритетите за изградба на нови интерконективни водови, усогласени со операторите на системите за пренос на природен гас во регионот. Операторот на системот запренос на природен гас го доставува планот на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 октомври во календарската година и по добиеното одобрување планот го донесува и објавува на својата веб страница.

Операторот на системот за пренос на природен гас подготвува и најдоцна до 31 октомври секоја календарска година доставува до Министерството за економија и до Регулаторната комисија за енергетика едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за побарувачката на природен гас во Република Северна Македонија.

Операторот на системот за пренос на природен гас за секој регулиран период изготвува и доставува за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика планови за инвестирање во системот за пренос, во кои особено треба да биде прикажано очекуваното зголемување на ефикасноста на работата на системот како резултат на предвидените инвестиции.

Обезбедува услуги за постојан или прекинлив пристап на трета страна и да обезбеди дека цената за капацитетот што подлежи на прекини ја одразува веројатноста за прекини,

Нуди на корисниците на системот долгорочни и краткорочни услуги.

Операторот на системот за пренос на природен гас е должен на корисниците на системот да им нуди услуги за пренос на природен гас со примена на еднакви договорни услови, претходно одобрени Регулаторната комисија за енергетика и објавени на неговата веб страницата.

Тарифите коишто операторот на системот за пренос на природен гас ги применува за договори за пренос со нестандардни датуми на почнување на преносот или пократко времетраење од стандардните годишни договори за пренос на природен гас се утврдуваат согласно тарифниот систем за пренос на природен гас, со примена на начелата утврдени со Член 29 став (4) од Законот за енергетика.

Операторот на системот за пренос на природен гас одобрува пристап на трета страна доколку барателот на пристапот обезбеди гаранции за плаќањето на услугата, кои што се определуваат врз основа на начелата на недискриминација, транспарентност и пропорционалност и не претставуваат пречка за влез на пазарот на природен гас.

#### *III.1.1.7. Учество во регионални и меѓународни асоцијации и друштва кои вршат енергетски дејности*

НОМАГАС АД Скопје е член (во улога на член-набљудувач) на Европската мрежа на оператори за пренос на природен гас (во понатамошниот текст: ENTSOG). Во ENTSOG членуваат 43 преносни систем оператори во улога на членови со право на глас, 1 асоцијативен партнер и 9 членки набљудувачи без право на глас меѓу кои е и НОМАГАС АД Скопје. Оваа асоцијација е единствена на ниво на Европа, која ги замени сите претходни асоцијации на преносни систем оператори кои управуваат со државните или националните системи за природен гас .

Договорот за членство на националниот оператор на системот за пренос на природен гас е потпишан во Брисел во 2012 година. Главна цел на ENTSOG е да одговори на предизвиците на промените на системите за природен гас, истовремено обезбедувајќи сигурност во снабдувањето.

***III.1.1.8. Остварување на приходи при вршење на регулирана енергетска дејност пренос на природен гас***

Согласно Законот за енергетика, НОМАГАС АД Скопје како оператор на системот за пренос на природен гас остварува приходи од:

- вршење на дејноста пренос на природен гас,
- надомест за гарантиран капацитет во точките на влез и излез во системот за пренос на природен гас,
- приходи и трошоци остварени по основ на услуги за балансирање и системски услуги,
- приходи остварени по друг основ во согласност со закон.

Регулаторната комисија за енергетика со прописите и методологиите за формирање на тарифи го уредува начинот на пресметка, одобрување и контрола на регулираниот максимален приход за вршење на енергетската дејност пренос на природен гас.

Регулираниот максимален приход се определува на начин што во текот на една календарска година се утврдува горната граница на приходот, кој се дозволува да го оствари НОМАГАС АД Скопје.

Регулираниот максимален приход се утврдува на ниво што на регулираното друштво му овозможува да оствари:

- покривање на оправданите оперативни трошоци, амортизацијата на средствата за вршење на регулирана дејност пренос на природен гас како и техничките загуби,
- обезбедување на определена стапка на принос на капиталот, во која се вклучени и инвестициите, со кои ќе се овозможи оспособување на системот за пренос на природен гас, одржлив развој на истиот и достапност на услугите кои што се обезбедуваат за сите потрошувачи на природен гас на територијата на Република Северна Македонија.

Во согласност со утврдениот регулиран максимален приход (MAR) и утврдената регулирана тарифа за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на природен гас, НОМАГАС АД Скопје, како вршител на енергетската дејност пренос на природен гас, го фактурира надоместокот за користење на преносниот систем.

Надоместокот за користење на системот за пренос на природен гас го плаќаат потрошувачите на природен гас во Република Северна Македонија, во согласност со објавената тарифа. Операторот на системот за пренос на природен гас им го фактурира надоместокот за користење на системот за пренос на природен гас на:

- потрошувачи производители на топлинска и електрична енергија во комбинирани постројки во кои едновремено и во еден процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија.
- потрошувачи производители на топлинска енергија и индустриски потрошувачи,

– категорија потрошувачи – останати потрошувачи со потрошувачка на природен гас помала од 150.000 нм$^3$ во претходната година.

***III.1.1.9. Ревизија***

Согласно член 478 од Законот за трговските друштва НОМАГАС АД Скопје е должно да има ревизорско мислење на финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржувањето на Собранието на акционери.

Врз основа на член 383 став (1) точка 8) од Законот за трговски друштва Собранието на акционери на НОМАГАС АД Скопје донесува одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, а по спроведената постапка за јавна набавка во согласност со Законот за јавни набавки. Собранието на акционери донесува одлука за назначување на овластениот ревизор пред истекот на деловната година за којашто се врши ревизијата. Веднаш по добивањето на извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка и финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото се доставуваат на одборот на директори. Неизвршните членови на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје се должни да ги проверат годишните сметки и финансиските извештаи. На барање на неизвршните членови, овластениот ревизор присуствува на состанокот на одборот на директори. Неизвршните членови на одборот на директори, му поднесува на собранието на акционери писмен извештај за резултатите од контролата. Во извештајот неизвршните членови го соопштуваат начинот на којшто извршиле контрола и обемот на контролата над управувањето со друштвото за време на претходната деловна година. Во извештајот се изјаснува и за резултатите од извршената ревизија спроведена од страна на овластениот ревизор за годишната сметка и за финансиските извештаи и за приговорите на ревизорот на составената годишна сметка и на финансиските извештаи и предлагаат дали тие да бидат усвоени или не.

За овластен ревизор за ревизија на Годишните сметки и Финансиските извештаи за 2022 и 2023 година на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост е избрано Друштвото за ревизија КРЕСТОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.

Претходните години пред статусната промена спојување и основање на НОМАГАС АД Скопје, ревизијата е вршена посебно за секое од друштвата кои се спојуваат НЕР АД Скопје и ГА-МА АД Скопје.

**III.1.2. АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје како еден од четирите правни субјекти настанати при процесот на преструктуирање на АД „Електростопанство на Македонија“ е издвоен во самостоен правен субјект како Оператор на електропреносниот систем на Република, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје со Одлука на Владата на РМ бр.23-3343/1 од 27.09.2004 година.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје на 31.12.2004 година е запишано во Трговскиот регистар на Основниот суд Скопје 1 Скопје, како Оператор на електропреносниот систем на Република, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје и АД ЕСМ Скопје се друштва во државна сопственост, кои се независни во нивната сопственичка структура и органи на управување. По донесувањето на Одлуката за пренос на акции од сопственост на Владата во сопственост на Министерството за транспорт и врски бр.44-6841/1 од 24 јули 2018 година, единствен акционер и сопственик на АД МЕПСО Скопје е Министерството за транспорт и врски, додека АД ЕСМ Скопје, остана во државна сопственост, чиј што единствен акционер е Влада на Република Северна Македонија.

Управувањето на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје- Скопје е организирано според двостепен систем со надзорен одбор и Управен одбор. Согласно одредбите од Законот за трговските друштва и согласност Статутот на АД ЕСМ – Скопје, членовите на надзорниот одбор ги избира и ги отповикува Владата во својство на собрание на акционери на АД ЕСМ -Скопје, додека членовите на управниот одбор ги избира и ги отповикува надзорниот одбор на Друштвото.

Согласно член 375 од Законот за трговските друштва(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 290/20, 215/21, 99/22), Статутот на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје и Деловникот за работа на Управниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост, Управниот одбор на Друштвото има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото, односно во вршењето на сите работи сврзани со водењето на работите и на тековните активности во рамките на предметот на работењето на Друштвото. Управниот одбор го сочинуваат 7 (седум) членови, кои се избираат со мандат од 4 (четири) години и тоа:

1. Зухди Енуз, претседател на Управен одбор кој носи назив Генерален директор;
2. Никола Рилак, член на Управен одбор кој носи назив Заменик на генералниот директор;
3. Билен Саљији, член на Управен одбор кој носи назив Директор за правни и општи работи во Дирекција;
4. Гоце Михајлоски, член на Управен одбор кој носи назив и Директор за управување со електропреносниот систем;
5. Зоран Илиоски, член на Управен одбор кој носи назив Директор за пренос на електрична енергија;
6. Љупчо Зиков, член на Управниот одбор кој носи назив Директор за финансиски работи во Дирекција;
7. Томи Божиновски, член на Управен одбор кој носи назив Директор за Информациони Технологии и Телекомуникации во Дирекција.

Врз основа на член 380 став 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13,

187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 290/20, 215/21, 99/22) и член 37 од Статутот на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор. Согласно член 380 став 2 од Законот за трговски друштва, Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото, како и имотот, особено благајната на Друштвото и хартиите од вредност и стока.

Согласно член 27 од Статутот на Друштвото, Надзорниот одбор на Друштвото се состои од 7 (седум) членови, од кои двајца членови се независни, кои ги избира и отповикува Собранието на Друштвото. Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, го сочинуваат:

1. Даме Коруноски – претседател на Надзорен одбор
2. Николче Ацевски- член на Надзорен одбор
3. Мусли Муслиу - независен член на Надзорен одбор
4. Дарко Тасев - член на Надзорен одбор
5. Назиф Буши- член на Надзорен одбор
6. Дарко Тасев – независен член на Надзорен одбор
7. Мусли Муслиу - член на Надзорен одбор.

Именуваните членови на управниот и надзорниот одбор на АД ЕСМ Скопје не се членови на орган на управување односно надзор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како и друштвото, што е во согласност со член 348 став (1) точка 3 од Законот за трговски друштва.

Согласно член 36 од Статутот на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, организациони делови на Друштвото се Дирекција и Подружници.. Дирекцијата се наоѓа во Скопје, на ул.„Максим Горки“ бр.9.

***Подружници на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, се следните:***

Операторот на електропреносниот ситем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје е поврзан со следните друштва коишто вршат енергетски дејности:

- Elektroenergetski koordinacioni centar d.o.o. – EKC
- Coordinated Auction Office in South East Europe – SEECAO
- Национален оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ, Скопје

### III.1.3. АД ЕСМ Скопје

АД ЕСМ Скопје како еден од четирите правни субјекти настанати при процесот на преструктуирање на АД „Електростопанство на Македонија“ е издвоен во самостоен правен субјект како Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје“ (АД ЕЛЕМ Скопје) со Одлука на Владата на РМ бр.19-2626/1 од 30 јуни 2005 година.

АД ЕСМ Скопје на 9 септември 2005 година е запишано во Трговскиот регистар на Основниот суд Скопје 1 Скопје, како АД ЕЛЕМ Скопје.

АД МЕПСО Скопје и АД ЕСМ Скопје се друштва во државна сопственост, кои се независни во нивната сопственичка структура и органи на управување. По донесувањето на Одлуката за пренос на акции од сопственост на Владата во сопственост на Министерството за транспорт и врски бр.44-6841/1 од 24 јули 2018 година, единствен акционер и сопственик на АД МЕПСО Скопје е Министерството за транспорт и врски, додека АД ЕСМ Скопје, остана во државна сопственост, чиј што единствен акционер е Влада на Република Северна Македонија.

Управувањето на АД ЕСМ- Скопје е организирано според двостепен систем со надзорен одбор и управен одбор. Согласно одредбите од Законот за трговските друштва и согласност Статутот на АД ЕСМ – Скопје, членовите на надзорниот одбор ги избира и ги отповикува Владата во својство на собрание на акционери на АД ЕСМ -Скопје, додека членовите на управниот одбор ги избира и ги отповикува надзорниот одбор на Друштвото.

Согласно член 375 од Законот за трговските друштва(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 290/20, 215/21, 99/22), Статутот на АД ЕСМ - Скопје и Деловникот за работа на Управниот одбор на АД ЕСМ-Скопје, Управниот одбор на Друштвото има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото, односно во вршењето на сите работи сврзани со водењето на работите и на тековните активности во рамките на предметот на работењето на Друштвото.

Управниот одбор го сочинуваат 7 (седум) членови, кои се избираат со мандат од 4 (четири) години и тоа:

1. Васко Стефанов, претседател на Управен одбор кој носи назив генерален директор;
2. д-р Имер Зенку, член на Управен одбор кој носи назив заменик-генерален директор;
3. Душица Сеизовска Јовановиќ, член на Управен одбор кој носи назив директор за правни и општи работи;
4. Виктор Андонов, член на Управен одбор кој носи назив и директор за развој и инвестиции;
5. д-р Ардијан Муча, член на Управен одбор кој носи назив директор за комерцијални работи;
6. Марија Пејкова, член на Управниот одбор кој носи назив директор за финансиски работи;
7. Благојче Трповски, член на Управен одбор кој носи назив директор за производство на електрична енергија.

Врз основа на член 380 став 1 од Законот за трговските друштва од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 290/20, 215/21, 99/22) и член 37 од Статутот на Акционерското друштво Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор. Согласно член 380 став 2 од Законот за трговски друштва, Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото, како и имотот, особено благајната на Друштвото и хартиите од вредност и стока.

Согласно член 29 од Статутот на Друштвото, Надзорниот одбор на Друштвото се состои од 7 (седум) членови, од кои двајца членови се независни, кои ги избира и отповикува Собранието на Друштвото. Надзорниот одбор на АД ЕСМ – Скопје го сочинуваат:

1. Слаѓана Богдановиќ – претседател на Надзорен одбор
2. д-р Сашо Додовски - член на Надзорен одбор
3. Катерина Митовска Наковска - независен член на Надзорен одбор
4. Игор Петков - член на Надзорен одбор
5. Арбен Несим- член на Надзорен одбор
6. Васил Коцев – независен член на Надзорен одбор
7. Ридван Асани - член на Надзорен одбор.

Именуваните членови на управниот и надзорниот одбор на АД ЕСМ Скопје не се членови на орган на управување односно надзор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како и друштвото, што е во согласност со член 348 став (1) точка 3 од Законот за трговски друштва.

Согласно член 38 од Статутот на АД ЕСМ – Скопје, организациони делови на Друштвото се Дирекција и Подружници. Дирекцијата се наоѓа во Скопје, на ул.11 Октомври бр.9.

Подружници на АД ЕСМ – Скопје, се следните:

1. ***Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Скопје, Подружница ХЕС Маврово - Гостивар***, ул.”Браќа Ѓиноски” бр.42 Гостивар. Овластено лице за застапување на Подружница ХЕС Маврово- Гостивар е Ѓорѓи Божиноски, дипл.гр.инж. вршител на должност директор на Подружница ХЕС Маврово – Гостивар.

2. ***Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Подружница ХЕС Црн Дрим - Струга*** Плоштад на револуција б.б. Струга. Овластено лице за застапување на Подружница ХЕС Црн Дрим Струга е Сашо Коркут, дипл.екк. вршител на должност директор на Подружница ХЕС Црн Дрим Струга“.

3. ***Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Подружница ХЕЦ Тиквеш - Кавадарци с.Возарци – Кавадарци***. Овластено лице за застапување на Подружница ХЕЦ Тиквеш- Кавадарци е Кирил Тасев, дипл.ел.инж. вршител на должност директор на Подружница ХЕЦ Тиквеш- Кавадарци.

4. ***Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Подружница ХЕС Треска - Скопје*** ул."11-ти Октомври" бр. 9 Скопје. Овластено лице за застапување на Подружница ХЕС Треска- Скопје е Фатмир Идризи, вршител на должност директор на Подружница ХЕС Треска- Скопје.

5. ***Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Подружница РЕК Битола - Новаци, Новачки пат бб Новаци***. Овластено лице за застапување на Подружница РЕК Битола-Новаци е Пеце Матевски, дипл.маш.инж., директор на Подружница РЕК Битола-Новаци.

6. ***Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Подружница РЕК Осломеј – Осломеј, Осломеј***. Овластени лица за застапување на Подружница РЕК Осломеј-Осломеј се Стојан Мицкоски, дипл.маш.инж., вршител на должност директор на Подружница РЕК Осломеј-Осломеј и Неџбудин Нуредини, вршител на должност директор на Подружница РЕК Осломеј-Осломеј, колективно, со два полноважни потписи.

7. ***Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Подружница Енергетика - Скопје, ул. "16 Македонска бригада" бр.18 Скопје***. Овластено лице за застапување на Подружница Енергетика-Скопје е Влатко Митовски, дипл.правник, вршител на должност директор на Подружница Енергетика -Скопје.

8. ***Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино, с.Дуброво***. Овластено лице за застапување на Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино е Димитар Азески, дипл.екк. вршител на должност директор на Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино.

Со секоја подружница раководи директор односно директори, кои ги назначува управниот одбор. Подружниците на АД ЕСМ- Скопје се организирани со акт на управен одбор, по претходно одобрение на надзорниот одбор.

Основната главнина на АД ЕСМ -Скопје изнесува 31.738.878.000,00 денари или 517.818.006,80 евра. Основната главнина на друштвото е поделена на 31.738.878 обични акции што гласат на име, со номинална вредност од 1.000 денари по акција.

Со Годишната сметка за 2022 година на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје остварена е добивка пред оданочување во износ од 2.514.105.356,00 денари или 2.250.389.500,00 денари по оданочување. Согласно член 483 од Законот за трговските друштва, по утврдувањето на финансискиот резултат за годината што изминала, Собранието донесува одлука за распределба на добивката што е остварена, со која прави план за распределба на добивката. Согласно член 485 од Законот за трговските друштва, задолжителната општа резерва се пресметува и се издвојува како процент определен во Статутот на Друштвото и неможе да биде помал од 5% од остварената добивка за годината. Во член 46 од Статутот на АД ЕСМ, утврдено е дека се издвојува законска резерва во висина од 15% од остварената нето добивка, која за 2022 година, изнесува 337.558.425,00 денари.

Друштвото, исто така предлага распределба на дел од добивката во износ од 934.212.590,00 денари за покривање на загубите од минатите години. Остатокот од добивката во износ од 978.618.485,00 денари, согласно Законот за трговските друштва се предлага да се распредели за зголемување на основната главнина на Друштвото или за инвестиции за кое нешто одлучува Основачот Влада на Република Северна Македонија во својство на Собрание на Друштвото.

За овластен ревизор за ревизија на Годишните сметки и финансиските извештаи за 2022 и за 2023 година на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Одлука на Владата на РСМ избрано е Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.

АД ЕСМ – Скопје е основач на следните друштва со ограничена одговорност основани од едно лице:

1. Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје;
2. Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје;
3. Друштво за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје;
4. Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје;
5. Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје;
6. Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ- Битола;
7. Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ –Тетово;
8. Друштво за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, ЕСМ ТОПЛИФИКАЦИЈА ДООЕЛ Битола;
9. Фабрика за опрема и делови ФОД ДООЕЛ Новаци.
10. Како најголем производител на електрична енергија во Република Северна Македонија, АД ЕСМ Скопје задоволува над 50% од потребите на потрошувачите на електрична енергија во Република Северна Македонија. АД ЕСМ Скопје е сопственик на следниве производствени капацитети:
11. две термоелектроцентрали (ТЕ РЕК Битола и ТЕ Осломеј) со вкупна инсталирана моќност од 824 MW,

12. Осум хидроелектроцентрали (ХЕ Козјак, ХЕ Глобочица, ХЕ Шпиље, ХЕ Тиквеш, ХЕ Вруток, ХЕ Врбен, ХЕ Равен и ХЕ Св. Петка) со вкупна инсталирана моќност од 557,36 MW,
13. Една комбинирана постројка за производство на електрична и топлинска енергија со инсталирана моќност од 30 MW
14. ТЕ-ТО КОГЕЛ комбинирана постројка за производство на електрична и топлинска енергија со инсталирана моќност од 30,41 MW
15. Ветерна електроцентрала со инсталирана моќност од 36,8 MW

Согласно член 20 став (1) точка 13 и 14 од Статутот на АД ЕСМ -Скопје, управниот одбор донесува одлуки за инвестиции и годишна инвестициона програма која е претходно одобрена од надзорниот одбор.

АД ЕСМ – Скопје е носител на следните лиценци:

1. Лиценца од РКЕ на РМ за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија бр. 02-1391/1 од 18.11.2005 год. изменета со Одлука на РКЕ на РМ УП1.бр.07-261/14 од 24.12.2014 година, со Одлука на РКЕ на РМ УП1.бр.07-261/14 од 06.02.2017 год., со Одлука на РКЕ на РМ УП1.бр.07- 261/14 од 13.03.2018 год. и со Одлука на РКЕ на РМ УП1.бр.07-261/14 од 12.07.2019 год. со евидентен број на лиценца бр.ЕЕ-ПРОИЗ-05-2005, со временски период на важење до 18.11.2040 год.

2. Лиценца од РКЕ на РМ за вршење на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија УП 1 бр. 11-19/16 од 28.06.2016 год. со евидентен број на лиценца бр.ТЕ-15.03.1/16 од 28.06.2016 год. со временски период на важење од 10 год. до 28.06.2026 год.

3. Лиценца од РКЕ на РМ за вршење на енергетска дејност производство на топлинска енергија бр. ТЕ-01.01.1/06 од 20.03.2006 год. со временски период на важење од 35 год. до 20.03.2041 год.

4. Лиценца од РКЕ на РМ за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија бр. ТЕ-02.02.1/06 од 20.03.2006 год. со временски период на важење од 35 год. до 20.03.2041 год.

5. Лиценца од РКЕ на РМ за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија бр. 02-2187/1 од 22.12.2008 год. изменета со Одлука на РКЕ на РМ УП1.бр.12-18/17 од 06.02.2017 година, со евидентен број на лиценца бр.ЕЕ-31.03.1/08.2/17, со временски период на важење од 35 год. до 22.12.2043 год.

Согласно Законот за енергетика АД ЕСМ Скопје не е повеќе регулиран производител на електрична енергија.

### *III.2. Технички карактеристики на системот за пренос на природен гас*

НОМАГАС АД Скопје, како операторот на системот за пренос на природен гас ја одржува, надградува и проширува преносната мрежа, управува со гасоводниот систем на Република Северна Македонија и обезбедува поврзување на преносниот систем со преносните системи на соседните земји, со цел да обезбеди сигурно снабдување на потрошувачите со природен гас.

Сопственик на НОМАГАС АД Скопје е Министерство за економија на Република Северна Македонија, додека НОМАГАС АД Скопје е сопственик на гасоводната мрежа што се состои од мернорегулациони станици, линиски инфраструктурни објекти со придружни објектипостројки, објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност пренос на природен гас и управување со гасоводниот систем (прилози 18,19 и 20 кон барањето).

Системот за пренос на природен гас во Република Северна Македонија започнува со Приклучно место на интерконективната точка Ќустендил -Жидилово на македонскиот со бугарскиот систем за пренос на природен гас и се наоѓа на источната граница во месноста Деве Баир и се протега во правец на Кривопаланечкиот, Кратовскиот, Кумановскиот и Скопскиот регион.

Главната мерна станица (ГМС) се наоѓа во месноста Жидилово – Крива Паланка. Мерниот систем во примо-предавателната станица се состои од 3 мерни линии (од кои 2 се работни, а една е резервна), и има компјутерски систем и опрема потребна за определување на количините и квалитетот на гасот. За мерење на количината на гас секоја мерна линија е опремена со два независни електронски мерни системи: мерење со ултразвук (комерцијално) и мерење со бленда (контролно). Капацитетот на мерните линии е 180.000 $Nm^3/h$. Дизајниран капацитет на системот за пренос на природен гас е 800 милиони $Nm^3$ годишно, со можност за зголемување до 1.200 милиони $Nm^3$.

Магистралниот гасовод и разводните гасоводи се проектирани за работен притисок од 54 bar. Моменталниот работен притисок е 40 bar, а годишната пренесена количина на природен гас во последните 3 (три) години е просечно 350 милиони $Nm^3$. При тоа, најголеми потрошувачи се когенеративната постројка за производство на електрична енергија и топлина - ТЕ-ТО АД Скопје и индустриските потрошувачи во градот Скопје.

Должините на магистралниот гасовод и разводните гасоводи, како и надворешниот дијаметар на цевките се прикажани во табелата подолу:

| **Ред. Бр.** | **Гасовод** | **Номинален пречник на гасоводната цевка (mm)** | **Должина (m)** |
|---|---|---|---|
| 1. | Магистрален гасовод | DN 500 | 97.456,19 |
| 2. | Разводен гасовод кон Крива Паланка | DN 100 | 1.493,65 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Разводен гасовод кон Гиновци | DN 100 | 1.688,34 |
| 4. | Разоводен гасовод кон Кратово | DN 100 | 4.570,59 |
| 5. | Разводен гасовод кон Куманово | DN 200 | 7.695,53 |
| 6. | Разводен гасовод кон ТИРЗ Бунарџик | DN 200 | 5.361,00 |
| 7. | Разводен гасовод кон ТАВ Македонија - Петровец | DN 200 | 46,00 |
| 8. | Разводен гасовод кон Скопје-Север | DN 300 | 1.870,35 |
| 9. | Разводен гасовод кон Скопје-Југ | DN 400 | 8.418,19 |

На линискиот дел од системот за пренос изградени се и приемни и отпремни чистачки станици како придружни објекти на линискиот дел на гасоводот .

Заштита на цевководот од корозија се врши со системот за катодна заштита преку протектори и катодни станици.

На високо-притисниот дел од системот за пренос има 7 (седум) главни мерно-регулациони станици (ГМРС) кои го намалуваат притисокот од магистралниот гасовод и на тој начин поврзувајќи го високо-притисниот дел со ниско притисните градски мрежи во градовите Крива Паланка, Кратово, Куманово и Скопје.

Природниот гас преку главните мерно-регулациони станици (ГМРС) се редуцира и пренесува до мерно-регулационите станици (МРС), кои претставуваат излезни места од системот, на кои се врши квалитативно и количинско предавање на природниот гас до потрошувачите, т.е. корисниците на системот.

***Нови магистрални и интерконективни гасоводи***

Реализацијата на градбата на дел од националниот гасоводен систем по делници е следна:

- Делница Клечовце - (Кавадарци) Неготино со должина од 97 километри со мерно регулациони станици „Штип” и „Неготино”. Изградбата започна во јули 2014 година, а заврши во јуни 2019 година. Се очекува за делницата да се изврши технички прием и да се стави во употреба во текот на 2024 година.

- Делница Неготино (Кавадарци) – Битола во должина од 92 километри со главно мерно регулациони станици „Индустриска зона КАВАДАРЦИ“, „Прилеп” и „Битола”. Изградбата на Делницата започна во првиот квартал на 2017 година, а заврши во јуни 2023 година. Се очекува за делницата да се изврши технички прием и да се стави во употреба во текот на 2024 година.

- Делницата Скопје-Тетово-Гостивар е во должина од 74 километри и 10 км крак до Тетово, а во нејзин составен дел се и Главно мерно регулациони станици „Тетово“ и „Гостивар“. Изградбата започна во четвртиот квартал на 2016 година. Се очекува изградбата да заврши првиот квартал од 2024 година и за делницата да се изврши технички прием и да се стави во употреба во текот на 2024 година.

- Во првиот квартал на 2024 година се очекува да се избере изведувач на интерконективниот гасовод Република Северна Македонија-Грција и во текот на вториот квартал да се отпочне со изградба на истиот.

***Главна мерна станица – Жидилово***

Технички опис на главната мерна станица Жидилово

Примо-предавателната станица се наоѓа на магистралниот гасовод Бугарија-Република Северна Македонија на 7 км од градот Крива Паланка и на 4 км од македонско-бугарската граница.

Главна задача на примо-предавателната станица е контрола и мерење на количината и квалитетот на природниот гас, што поминува низ станицата, што е и официјално прифатена како мерна станица за примо-предавање на гасот.

Примо-предавателната станица е проектирана на тој начин да во неа постојано има група оператори и се управува од главниот компјутерски систем.

Целата технолошка опрема во примо-предавателната станица се наоѓа под настрешница. Во административниот објект се наоѓаат работни простории за персоналот на Операторот, а исто така и потребната опрема за набљудување на работата во станицата.

Зад примо-предавателната станица (според правецот на движење на гасот) на посебна локација е поставена отпремна чистачка станица.

1.2. Проектни параметри:

| | |
|---|---|
| - клима | континентална |
| - надморска висина | 798 m |
| - пресметковен атмосферски притисок | 917 mbar |
| - температура мин/макс | -20/+65 степ. C |
| - релативна влажност мин/макс | 0/90% |
| - проектен атмосферски притисок | 1,01325 bar |
| - проектен коефициент на сеизмичност | 9 степени MOS 64 скала |

1.3. Геометриски параметри на примо-предавателната станица:

| | |
|---|---|
| Основен цевковод: | |
| - дијаметар на цевката | 530 mm |
| Влезен/излезен колектор: | |
| - дијаметар на цевката | 20” |
| Мерни линии: | |
| - работни мерни линии | 2 парч. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - резервна мерна линија | | 1 парч. |
| | - дијаметар на трите работните линии | | 10” |

1.4. Работните режими на примо-предавателната станица:

| | | |
|---|---|---|
| - количина на измерениот гас | мин/макс | 8000/200000 nm3/h |
| - количина на измерениот гас со една линија | мин/макс | 4000/100000 $nm^3/h$ |
| - работен притисок | мин/макс | 40/55 bar |
| - работна температура | мин/макс | +2/+20 степ. C |
| - класа на постројката | | ANSI 600 |

2.1. Примо-предавателната станица ги содржи следните основни системи:

- систем на влезен колектор,
- систем за прочистување на гасот,
- системи за мерење,
- систем на излезен колектор,
- помошни системи.

2.2. Системот за влезен колектор ја содржи следната опрема:

a) Топчест вентил DN 20” класа 600# (безбедносен вентил) со далечинско управување, што е предвиден за исклучување на примо-предавателната станица од влезниот магистрален цевковод во случај на хаварија. Топчестиот вентил се управува со команди од операторот. Топчестиот вентил исто така има и локално управување.

b) Пнеуматско-хидрауличен систем. Гасот за управување со вентилите се доведува низ подземен цевковод од резервоарот со импулсен гас во отпремната чистачка станица, што се наоѓа по примо-предавателната станица.

c) Манометар за локално определување на притисокот во гасоводот, што е поставен пред безбедносниот вентил.

d) Давач за притисок.

e) Манометар за локално определување на притисокот во гасоводот, што е поставен по безбедносниот вентил.

f) Влезна изолирачка прирабница DN 20” класа 600 за електрична изолација на примо-предавателната станица од влезниот магистрален цевковод.

g) Влезен подземен колектор DN 20” класа 600.

2.3. Системот за прочистување на гасот во примо-предавателната станица се состои од 3 идентични комбинирани филтри, филтер-сепаратори, (по еден на секоја мерна линија). При нормална работа на примо-предавателната станица работат 2 мерни линии а третата останува резервна.

2.4. Мерниот систем во примо-предавателната станица се состои од 3 мерни линии (од кои 2 се работни, а една е резервна, а исто така и компјутерски систем и опрема потребна за определување на количините и квалитетот на гасот. За мерење на количината на гас секоја мерна линија е опремена со два независни електронски мерни системи: мерење со ултразвук (комерцијално) и мерење со бленда (контролно).

Во секој момент секој проточен компјутер како влезни податоци ги регистрира сите параметри кои се добиваат од мерачите на електронските мерни системи-ултрасоник и бленда како и комонентниот состав од гасхроматографите.

Сите проточните компјутери се двоканални. Едниот канал служи за калкулација на проток од комерцијалниот електронски мерен систем-усм. Вториот канал служи за калкулација на проток од контролниот електронски мерен систем-бленда.

Мерниот електронски систем во примо-предавателната станица обезбедува:

- автоматско пресметување на потрошувачка на гасот, што во моментот поминува низ секоја од трите линии и целосно низ примо-предавателната станица, при референтни услови 1,01325 bar (A) и 0˚C,
- сумирање на количините испорачан гас низ секоја мерна линија и целата количина, што поминува низ примо-предавателната станица,
- сигнализирање за отстапувањата и неисправностите на давачите.

Мерните линии ја содржат следната опрема:

- влезни цевководи DN 10" од класа 600, усмерувачи (исправувачи) на движењето на гасот DN 10", ултразвучни мерачи од типот SeniorSonic произведени од Daniel, секој опремен со 4 пара трансдуктори, мерачи на температура, усмерувачи (исправувачи) на движењето на гасот, јазли за поставување на бленди, излезни цевководи DN 10" класа 600, мерачи на температура за мерење на температурата на гасот и пренос на линиската температура на гасот во работниот компјутер, мерачи на температура за мерење на температурата на гасот и пренос на линиската температура на гасот во резервниот компјутер, термометри за локално покажување на линиската температура,00 и TW-300, DN 11/2" класа 600# за поставување на контролни термометри,регулациони вентили што ја ограничуваат максималната количина на гас не повеќе од 100 000 нм$^3$/час, (вентилите се управуваат со електро-пнеуматски трансформатори),топчести вентили со редуктор што служат за рачно исклучување на мерните линии.

Компјутерскиот систем на станицата е сместен во просторијата во административниот објект со натпис „командна", каде се поставени:

а) Шест проточни компјутери. Секоја мерна линија е поврзана со два проточни компјутери (Duty-Standbay), секој од нив двоканален. модел FloBoss S600+(4) и S600 (2) произведено од Daniel, со цел да се обезбеди целосна контрола на пресметките на десет нивоа на заштита. Кон секој линиски компјутер се приклучени: УСМ, ПТ, ДПТ, ТТ, ГХ и барометарски притисок. Пренос на сигналите од мерачите се врши со помош на комуникациски протокол.

Проточниот компјутер претставува микропроцесор предвиден за пресметка на количината на гас

Интервалот помеѓу пресметувањето на количините на гас изнесува од 0,5 до 20 секунди. Конфигурацијата на линискиот компјутер е изведена на тој начин за да ги извршува следните задачи:

- автоматска пресметка на моменталната потрошувачка на гас при нормални услови и издавање на резултатите од пресметката по команда на операторот,
- пресметка на вкупната количина испорачан гас по пат на сумирање на одделните количини и нивно прикажување на бројачот,
- автоматска пресметка на моменталната и вкупната масена потрошувачка и нивно прикажување на бројачот,
- автоматска пресметка на горната топлинска моќ, моменталната и вкупната количина енергија по една линија низ примопредајната станица,
- автоматска пресметка на коефициентот на компримираност на гасот,
- внесување на потребните податоци за пресметување (на пр. %N2, %CO2, коефициент на компримираност и др.),

- примање на команди од главниот компјутер и пренесување на податоците преку стандардна врска,
- извршување автоматска периодична самостојна контрола (минимум еднаш во секој пресметковен циклус) и самостојна дијагноза на грешките на појдовните податоци, меморирање на податоците, а исто така и работа на микрокомпјутерите и границите на мерење,
- автоматска контрола на горната и долната граница на мерачите за диференцијален притисок со помош на сигнализацијата за диференцијален притисок,
- обезбедување на сопствено напојување на секој линиски компјутер, што овозможува да се сочуваат податоците во RAM меморијата по прекинување на надворешното напојување.

Проточните компјутери пресметуваат:

- Волумен на гас (m3) и волуменски проток (m3/h) при притисок и температура на мерните линии;
- * Волумен на гас и волуменски проток при услови на референтен притисок од 1,01325 bar(a) и температура од 0°C;
- Фактор на компресија на гас
- Бруто калориска вредност
- Референтни услови:
- Температура 0 °C
- Притисок 1,01325 bar(a)
- Температура на согорување 298,15 K (25 ° C)

б) Главен компјутерски систем се состои од два еднакви системи, кои што работат паралелно и независно еден од друг, така што исклучување на едниот од контролните компјутери нема да повлијае на функционирањето на системот. Изборот на еден или друг компјутер се извршува рачно преку прекинувач, што е поставен на информативната плоча (табла) во операторската. Дополнително е поставен трет компјутер, што служи за контрола на работата на системот. Со помош на внатрешни врски главниот компјутерски систем е поврзан со линиски компјутери, линиски гасхроматографи, давачи за точка на роса според водата и принтери за печатење на податоците и извештаите. Главниот компјутерски систем се користи за:

- примање на податоците од гасхроматографите, мерачот за точка на роса според водата, притисок на влезот и излезот, а исто така и од линиските компјутери,
- обработка на податоците,
- интерфејс,
- архивирање,
- управување,
- добивање и зачувување на информациите.

Со цел да се обезбеди целосна контрола на пресметките, пристапот до изменетите вредности се врши на високо ниво на заштита.

Главниот компјутерски систем е програмиран за автоматско зачувување на количината на гас, што поминува низ примо-предавателната станица за време на промена на мерна линија рачно од страна на операторот. Вклучување и исклучување на мерните линии се врши под следните услови:

- една мерна линија: работи,
- една мерна линија: се вклучува да работи кога има потреба од зголемување на потрошувачката и при проверка на мерната линија, една мерна линија: резервна.

Во командната просторија има опрема, инструменти и уреди, потребни за работа на примо-предавателната станица.

д) Контејнер во кој се сместени опрема и инструменти, поврзани со процесот на мерење, имено:

- давачи за притисок за бленда и електронски давачи за притисок за ултразвук тип Smart. Трите мерни линии се поврзани со мерачи за притисок на работниот и резервниот компјутер,
- за секоја мерна линија се поставени по четири електронски мерачи за диференцијален притисок, тип Smart, со аналогни (4-20 mA) и дигитални (Харт протокол) излезни сигнали. Од трите мерни линии секој мерач за диференцијален притисок е поврзан со работните и резервните компјутери,
- два линиски гасхроматографи (анализатори модел 500, контролори 2350A), прозведени од Daniel, што работат во автоматски режим, го определуваат компонентниот состав на гасот на чија што основа проточниот комјутер ја калкулира топлинската моќ на гасот. Секој гасхроматограф содржи систем за земање примероци на гас. Линиските гасхроматографи работат паралелно, а изборот на работата на гасхроматографот го врши операторот.

Во контејнерот се одржува внатрешна температура +20±2,5 степени С и во него се наоѓа следната опрема и уреди: барометар со дисплеј за пресметка на плочата (таблата) и барометар поврзан со сите компјутери, автоматски влагомер и рачен инструмент со дигитално пресметување на резултатите од мерењето, систем за заштита од пожар,систем за контрола на исполнетоста на просторот со гас, инструменти и опрема за проверка на давачите за притисок, густина и др., систем на носителот на гас и калибрирачкиот гас,

2.5. На излезот од примо-предавателната станица е поставен подземен излезен колектор DN20” класа 600”, на кој се наоѓаат повеќе приклучоци за несметана работа на станицата.

2.6. Помошните системи во примо-предавателната станица овозможуваат работа без хаварија на опремата и персоналот за одржување. Тие системи ја имаа следната опрема: Трансформаторска станица 10/0,4 kW со капацитет 100 kVA, Гасен генератор со капацитет 30 kVA, 400 V, 50 Hz, Клима-уред за да температура од 20°C ± 2,5°C се одржува во контејнерот цела година, вентилација и зададен притисок во контејнерот, Систем за водоснабдување на примо-предавателната станица, систем на заземјување и заштита од гром на опремата и примо-предавателната станица, кабелско-технолошки систем, што ја поврзува опремата меѓусебе и со командната просторија и сл.

### *III.2.1. Национален диспечерски центар*

Мерно-регулационите станици се приклучени на телеметрискиот систем за далечинско отчитување, односно собирање на податоци од мерните уреди инсталирани во станиците, со што се обезбедува стабилен и брз пренос на податоците до Диспечерскиот центар на НОМАГАС АД Скопје, како и нивна брза обработка во потребни извештаи, наплати и статистички анализи.

**Опрема за управување и контрола на системот за природен гас (технички опис со шематски приказ)**

Опрема за контрола на системот за природен гас се состои од софтверски и хардверски пакет за пренос на Телеметриски ( компјутерски ) пренос на податоците.

*1.Хардверски делови*

- Ормари
- Модул преку кој се следат статуси / аларми, дигитална MOXA
- Модул преку кој се следат аналогни вредности, аналогна MOXA
- Индустриски Ethernet switch
- Редундантно напојување 24VDC

Итерфејсите овозможуваат следење и издавање на команди на процесот, како што се промените на зададената точка на контролорот, се ракуваат преку компјутерскиот систем SCADA. Подредените операции, на пр. Контролната логика во реално време или пресметките на контролорот, се вршат од мрежни модули поврзани со теренските сензори и актуатори.
Со SCADA во телеметрискиот систем за собирање на податоците се следи работата на системот за пренос на природен гас, како и благовремено детектирање на потенцијални проблем и спречување на хаварија

*2.Софтверски делови*

Софтверот поддржува разновидни протоколи за комуникација, вклучително и Modbus, кој се користи за собирање податоците. Интервалот на читање на количините, како и моментот на испраќање на податоците го дефинира корисникот по желба, во однос на динамиката на системот

Сите ознаки се читаат преку OPC софтверскиот пакет. Покрај дефинираните ознаки, можно е да се прочитаат некои системски и статистички податоци за поврзаниот уред, како што се IP адреса, време на последен повик, број на испратени и примени пораки, број на испратени и премени барања, број на внесени и прочитани вредности .

**Систем и средства за комуникација со сите субјекти поврзани на системот за пренос на природен гас заради негово сигурно и безбедно функционирање, со назначување на сопственикот**

Системот за комуникација со сите субјекти поврзани на системот за пренос на природен се врши преку телекомуникациска мрежа на секоја станица поставени се ормари во кои се поставени сите потребни уреди за пренос на отчитаните податоци од коректорите. Преку модем/рутер се пренесуваат сите податоци до главниот рутер во Диспечерскиот сектор, сервер собата, кадешто во серверите се преработуваат и се прикажуваат на платформите за следење на податоците ( Мерната Платформа и SCADA платформата ).

**Пренесени количини на природен гас по години**

| Година | Пренесени количини (Nm3) |
|---|---|
| 2006 | 82.787.893 |
| 2007 | 105.398.201 |
| 2008 | 119.607.640 |
| 2009 | 117.393.625 |
| 2010 | 117.393.625 |
| 2011 | 135.835.969 |
| 2012 | 136.587.341 |
| 2013 | 158.585.180 |

| | |
|---|---|
| 2014 | 134.663.666 |
| 2015 | 135.946.902 |
| 2016 | 213.439.518 |
| 2017 | 275.072.659 |
| 2018 | 253.628.080 |
| 2019 | 295.206.982 |
| 2020 | 337.880.997 |
| 2021 | 426.175.676 |
| 2022 | 280.085.963 |
| 2023 | 359.569.119 |

### *III.2.2. Мерки за заштита на податоците*

НОМАГАС АД Скопје, во постапката по барањето за сертификација, како доказ за преземени мерки во делот на заштита на податоците ги достави подзаконските акти односно правилата, одлуките и упатствата кои ги применува со цел да спречи откривање на доверливи и други комерцијално чувствителни информации како и заштита на личните податоци (точка 15 кон барањето).

Според глава 3. точка 7) од Програмата за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување, НОМАГАС АД Скопје гарантира доверливост на деловните податоци и информации и оневозможи злоупотреба на деловните тајни и информации кои што се добиени при вршење на дејноста пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас заради стекнување на деловна корист и да оневозможи преземање на дискриминаторски дејствија во корист на трети лица во согласност со Законот за пристап на информации од јавен карактер и Правилникот за видот на документите и податоците кои се сметаат за деловна тајна на НОМАГАС АД Скопје.

Исто така, службеникот за усогласеност е должен да го следи спроведувањето на програмата за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје чија цел е да се обезбеди транспарентно, објективно и недискриминаторно постапување на НОМАГАС АД Скопје кон корисници на систеот за пренос на природен гас, односно независноста на операторот на системот за пренос на природен гас како и избегнување на судир на интереси.

Согласно член 7 став (3) точка 12) од Правилникот за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност (во понатамошниот текст: Правилникот), истиот е должен да ги следи и врши контрола во однос на обезбедувањето на условите за доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за пренос на природен гас, како и за доверливост на деловните податоци при координација и соработка на НОМАГАС АД Скопје со други оператори на системи за пренос на природен гас во согласност со закон, Правилникот за деловна тајна на НОМАГАС АД Скопје и други прописи.

Согласно член 6 став (3) точка 12) од Правилникот, службеникот за усогласеност во рамки на своите овластувања утврдени согласно Законот за енергетика, Статутот на НОМАГАС АД Скопје и Правилникот, е должен да обезбеди доверливост на деловните податоци и безбедно, одговорно и соодветно управување со податоците, како и за заштита на личните податоци согласно позитивните законски и подзаконски прописи.

При работењето, согласно член 12 став (6) од Правилникот, добиените податоци и информации службеникот за усогласеност е должен да ги чува внимателно и доверливо и истите не смее да ги користи спротивно на интересите на НОМАГАС АД Скопје, интересите на корисниците на системот за пренос на природен гас, односно не смее да ги користи за лични потребни или за потребите на трети лица.

Исто така, Регулаторната комисија за енергетика согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/23) постојано го следи работењето на НОМАГАС АД Скопје преку збир на активности коишто се однесуваат на собирање, обработка и анализа на податоци и информации од вршењето на енергетската дејност, кои се доставуваат до Регулаторната комисија за енергетика на месечно ниво.

## IV. ПРОЦЕНА НА УСОГЛАСЕНОСТА СО УСЛОВИТЕ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА

Раздвојувањето на системот за пренос на природен гас, а со тоа и сертификацијата на операторот на системот за пренос на природен гас и неговото назначување за оператор на системот за пренос на природен гас, подразбира исполнување на условите предвидени во Директивата 2009/73/ЕК на Европскиот парламент и на Советот, од 13 јули 2009 година, за општите правила на внатрешниот пазар на електрична енергија, со која се укинува Директивата 2003/54/ЕК (во натамошниот текст: Директива 2009/73/ЕК), соодветно транспонирани во Законот за енергетика. Согласно Директивата 2009/73/ЕК, раздвојувањето може да се спроведе преку три можни модели на раздвојување, сопственичко раздвојување, независен оператор на системот и независен оператор на преносот. Република Северна Македонија со членовите 109, 110, 111, 112, 113 и 114 од Законот за енергетика го транспонираше моделот на сопственичко раздвојување на операторот на системот за пренос на природен гас, на начин утврден во одредбите од член 9, 10, 11 и 13 од Директива 2009/73/ЕК.

### IV.1. Сопственост над системот на пренос на природен гас

Согласно член 238 став (1) од Законот за енергетика, Владата како единствен сопственик на акциите на НОМАГАС АД Скопје, на 1 август 2023 година донесе Одлука бр.41-5705/4 за пренос на сите акции на НОМАГАС АД Скопје од сопственост на Владата во сопственост на Министерството за економија, согласно која се изврши сопственичко раздвојување на НОМАГАС АД Скопје како оператор на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија, односно Владата престана да биде единствен сопственик на акциите во друштво кое врши пренос на природен гас. Оваа одлука е донесена во согласност со одредбите од Уставот и законите на Република Северна Македонија со кои се уредуваат сопственоста и управувањето со државната сопственост од страна на органите на државната власт.

Согласно член 109 од Законот за енергетика, како и наодите содржани во дел III.1. (НОМАГАС АД Скопје и други вршители на енергетска дејност во државна сопственост или врз коишто државата остварува контрола) и дел III.2. (Технички карактеристики на системот за пренос на природен гас) од образложението од оваа Одлука, Министерството за економија е единствен сопственик на НОМАГАС АД Скопје, додека НОМАГАС АД Скопје е сопственик на системот за пренос на природен гас што се состои од линиски инфраструктурни објекти – гасоводи и придружни објекти постројки, објекти и средства што се во функција на вршење на енергетската дејност пренос на природен гас,

### IV.2. Вршење на дејност пренос на природен гас

Согласно член 109 од Законот за енергетика, како и наодите содржани во дел III.1.1.5. (Лиценци) и дел III.1.1.7. (Учество во регионални и меѓународни асоцијации и друштва кои вршат енергетски дејности) од образложението од оваа Одлука, НОМАГАС АД Скопје е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на природен гас и не поседува лиценци ниту е вклучено во вршење на енергетските дејности производство, организирање и управување со пазарот на природен гас дистрибуција, трговија или снабдување со природен гас. Притоа потребно е да се нотира дека согласно со член 238 став (5) од Законот за енергетика како преодно решение е утврдено дека операторот на системот за пренос на природен гас ќе ја врши функцијата оператор на пазар на природен гас до определување на друштво на кое ќе му биде доделена лиценца за оператор на пазар на природен гас.

Врз основа на увидот во систематизацијата и квалификационата структура на вработените, наведено во дел III.1.1.4. (Организациска структура) од образложението од оваа Одлука, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека НОМАГАС АД Скопје има доволен број квалификувани вработени лица кои се професионално оспособени да вршат специфични задачи при вршење на регулираната дејност пренос на природен гас, за кои поседуваат и посебни овластувања и сертификати издадени од надлежни институции.

Врз основа на увид и анализа на годишните финансиски извештаи и ревизорските извештаи до 2022 година и Одлуките за одобрување на регулиран максимален приход до 2024 година, за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на природен гас на НОМАГАС АД Скопје, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека НОМАГАС АД Скопје ги исполнува условите за финансиска одржливост.

### IV.3. Независност од вршење на други дејности во енергетскиот сектор

Согласно член 109 од Законот за енергетика, како и наодите содржани во дел III.1.1.5. (Лиценци), дел III.1.2. (АД МЕПСО Скопје) и дел III.1.3. (ЕСМ АД Скопје) од образложението од оваа Одлука, НОМАГАС АД Скопје не врши и не е вклучен во вршење на дејностите производство, организирање и управување со пазарот на природен гас, дистрибуција, трговија со природен гас или снабдување со природен гас и дејноста пренос на електрична енергија, а АД МЕПСО Скопје како оператор на системот за пренос на електрична енергија нема влијание ниту контрола врз одлучувањето во НОМАГАС АД Скопје. Притоа потребно е да се нотира дека согласно со член 238 став (5) од Законот за енергетика како преодно решение е утврдено дека операторот на системот за пренос на природен гас ја врши функцијата оператор на пазар на природен гас, до определување на друштво на кое ќе му биде доделена лиценца за оператор на пазар на природен гас.

Со оглед дека Министерството за економија е сопственик на НОМАГАС АД Скопје, а Владата е сопственик на субјекти кои вршат производство, дистрибуција, трговија и снабдување со електрична енергија, при донесувањето на оваа Одлука Регулаторната комисија за енергетика го образложува следното:

### *IV.3.1. Одговорност на министерствата пред Владата*

Владата и секој нејзин член (министер) му одговараат на Собранието на Република Северна Македонија. Претседателот на Владата му предлага на Собранието да избере или разреши министер, но уставното право да го избере или разреши го има исклучиво Собранието. Министерот самостојно раководи со министерството и е одговорен за работата на министерството. Министерствата работите од својата надлежност ги вршат самостојно и за својата работа се одговорни на Владата. Неспорно е дека Владата може да даде упатства и насоки на определен министер како да ги изврши насоките и ставовите на Владата, а претседателот на Владата да го насочи дејствувањето на Владата во целина и на нејзините членови во согласност со програмските определби и насоките што таа ги утврдува. Но, овие упатства и насоки за дејствување се однесуваат на вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа. Владата не може да дава вакви насоки во однос на правата и обврските коишто произлегуваат од сопственост врз трговски друштва во кои таа не сопственик. Таков е случајот со Министерството за економија , кое што е сопственик на трговското друштво кое што е оператор системот за пренос на природен гас, а правата и обврските коишто произлегуваат од сопственоста, Министерството за економија ги остварува согласно Законот за енергетика и Законот за трговските друштва.

Имено, согласно член 89 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата ја сочинуваат претседател и министри. Согласно член 68 од Уставот, Собранието ја избира Владата. Со членот 92 од Уставот е утврдено дека Владата и секој нејзин член, за својата работа одговараат пред Собранието. Исто така, и во член 4 став (2) од Законот за владата е утврдено дека во рамките на своите права и должности утврдени со уставот и со закон, Владата и секој нејзин член, за својата работа одговараат пред Собранието.

Неспорно е правото на претседателот на Владата да му предложи на Собранието определен министер да биде разрешен. Меѓутоа, треба да се има предвид одредбата од член 94, ставови (2) и (3) од Уставот каде што е утврдено дека претседателот на Владата може до Собранието да предложи разрешување на член на Владата, а за предлогот за разрешување на член на Владата одлучува Собранието на првата наредна седница. Од оваа уставна одредба произлегува дека претседателот на Владата не може да разреши министер, туку дека тоа е исклучиво право на Собранието.

Согласно член 95 од Уставот, државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон. Според член 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата. Организацијата и работата на органите на државната управа, како и нивните надлежности се уредуваат со Законот за организација и работа на органите на државната управа, кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Со членот 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа е утврдено дека

органите на државната управа, како дел од изршната власт, се основаат во областите и подрачјата кои се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица. Во оваа смисла, во членот од 13 овој закон е утврдено дека органите на државната управа постапувајќи во рамките на своите надлежности во согласност со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори:

1. ја спроведуваат политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и прописите на Владата,
2. одговорни се за извршување на законите и другите прописи,
3. ги извршуваат насоките и ставовите на Владата за работата на органите на државната управа,
4. ја следат и се одговорни за состојбата во областите за кои се основани,
5. даваат иницијатива за решавање на прашањата во областите за кои се основани,
6. решаваат во управни работи,
7. вршат надзор над законитоста на актите и работењето на трговските друштва, установите и другите правни лица кога за тоа се овластени со закон,
8. вршат управен и инспекциски надзор и други управни работи кога за тоа се овластени со закон,
9. ги подготвуваат предлозите на законите чиј овластен предлагач е Владата,
10. ги подготвуваат прописите што ги донесува Владата и
11. вршат и други работи утврдени со Уставот и со закон.

Со членот 20 од Законот за организација и работа на органите на државната управа се уредени специфичните надлежности на Министерството за економија во областите и подрачјата коишто се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица, а тоа се работите кои што се однесуваат на:

1) следењето на состојбата и појавите на пазарот на стоки и услуги и влијанието на мерките на економската политика;
2) следењето на економските, структурните и техничко-технолошките состојби и предлагање на мерки за остварување на развојната и тековната економска политика во областа на производството, трговијата, туризмот, угостителството и занаетчиството;
3) преземањето мерки против монополската положба и монополското однесување;
4) следењето на тековните материјални биланси и снабдувањето на граѓаните со основните прехранбени производи и други стоки за широка потрошувачка и на претпријатијата со суровини и репроматеријали;
5) системот и политиката на цени на производи и услуги;
6) подготвувањето програма за глобален материјален развој на човечките ресурси;
7) заштитата на потрошувачите;
8) малите и средните претпријатија и задругарството;
9) следењето на меѓународните стопански движења, како и нивното влијание врз економските односи на Република Македонија;
10) надворешно-трговското работење;
11) геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини;
12) енергетиката;
13) надзорот од негова надлежност и
14) врши други работи утврдени со закон.

Со ставот (2) од истиот член е утврдено дека во состав на Министерството за економија се:

- Управата за наменско производство;
- Државниот пазарен инспекторат;
- Државниот инспекторат за техничка инспекција;
- Бирото за метрологија;

Во членот 47 од Законот за организација и работа на органите на државната управа е утврдено дека министерот раководи со работата на министерството. Во таа смисла во членот 49 од истиот закон, е утврдено дека министерот го претставува министерството, организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите; донесува прописи и други акти за кои е овластен и презема други мерки од надлежност на министерството во согласност со закон. Одговорноста на министерот за самостојно раководење со министерството за кое е избран е утврдено и во членот 13 од Законот за владата согласно кој: „министерот самостојно раководи со министерството за кое е избран, го следи и е одговорен за спроведувањето на законите и другите прописи".

Со членот 27 од Законот за владата е утврдено дека Владата утврдува насоки и ставови за извршување на законите и другите прописи со кои се определува начинот на работата на министерствата во извршувањето на законите и другите прописи, се определуваат рокови за донесување на акти за кои овие органи се овластени и за поднесување на извештаи по одделни прашања, се определува начинот на соработката со други државни органи, како и други прашања кои се од значење за остварувањето на функциите на овие органи. За оваа цел, со членот 28 од истиот закон е дадена можност на Владата да може да даде упатства и насоки на определен министер како да ги изврши насоките и ставовите на Владата.

Согласно член 6 од Законот за владата, заради остварување на својата надлежност Владата донесува годишна програма за работа. Во членот 27-а од Деловникот за работа на Владата е утврдено дека во годишната програма за работа се вградени стратешките приоритети за операционализација на Програмата која мандатарот ја предлага при изборот на Владата. Понатаму, со членот 11, став (2) од Законот за владата е утврдено дека претседателот на Владата го насочува дејствувањето на Владата во целина и на нејзините членови во согласност со програмските определби и насоките што таа ги утврдува.

Од горенаведените одредби од Уставот, како и Законот за владата и Законот за организација и работа на органите на државната управа, вклучително и Деловникот за работа на Владата, може да се заклучи дека со нив се уредува работењето на Владата и органите на државната управа и нивните меѓусебни односи од аспект на нивните функции дефинирани во доменот на јавното право. Надлежностите, односно овластувањата што ги има Министерството за економија во однос на НОМАГАС АД Скопје и воопшто работењето на ова друштво спаѓаат во доменот на приватното право. Ова значи дека при остварувањето на функцијата единствен акционер во НОМАГАС АД Скопје, на Министерството за економија не се применуваат погоренаведените уставни и законски одредби, туку се применуваат одредбите од Законот за енергетика и Законот за трговските друштва.

Исто така, треба да се има предвид дека и покрај тоа што согласно член 8, точка 6) од Законот за владата (lex generalis), Владата одлучува за располагањето и користењето на државниот капитал во согласност со закон, со членот 110, став (1) од Законот за енергетика (lex specialis) е утврдено дека Министерството за економија е сопственик на ова друштво, односно дека тоа министерство одлучува за државниот капитал во ова друштво. Оттука, Владата нема право да одлучува, ниту да му дава упатства и насоки на министерството во врска со располагањето и користењето на државниот капитал

во НОМАГАС АД Скопје, од причини што тоа би било спротивно на Законот за енергетика. Во оваа смисла, правата и обврските на Министерството за економија како акционерско собрание во НОМАГАС АД Скопје, уредени со Законот за трговските друштва и статутот на НОМАГАС АД Скопје не спаѓаат во правата, обврските и надлежностите на ова министерство утврдени во член 20 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, односно не се од значење за вршењето на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица.

Основот за ваквиот пристап произлегува од член 110 од Законот за енергетика, во кој е јасно е утврдена самостојноста на Министерството за економија како сопственик на НОМАГАС АД Скопје. Имено, со оваа одредба недвосмислено е утврдено дека:

1) Министерството е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување, во случајот на НОМАГАС АД Скопје членовите на одборот на директори и не смее да прифаќа упатства или насоки од Владата или друг државен орган.
2) Членовите на органот на надзор, односно на органот на управување, а во случајот на НОМАГАС АД Скопје членовите на одборот на директори:
   - Во постапка за донесување на одлуки согласно закон, не смеат да бараат ниту да прифаќаат упатства или насоки од Владата или друг државен орган, освен во случаите утврдени во Законот за енергетика, и
   - не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно на орган на управување на друштва коишто вршат производство или снабдување/трговија со природен гас или друштва коишто имаат можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва.

### *IV.3.2. Одговорноста на министерствата да ја известуваат Владата за донесените акти кои што се однесуваат на насоките за спроведувањето на политиките на Владата како и користењето на финансиските средства.*

Министрите се должни да ја известуваат Владата за актите кои ги донесуваат, а кои се однесуваат на начин на остварување на уставните права на граѓаните, насоките на Владата, располагањето со финансиски средства (трошоци) и други значајни прашања од делокругот на министерството. Во оваа смисла министерот за економија е должен да ја известува Владата само за прописите и другите акти што ги донесува со кои подетално се уредува извршувањето на законите од негова надлежност, а во таа надлежност не е вклучена функцијата на единствен акционер на НОМАГАС АД Скопје. Исто така Министерството за економија, при остварувањето на функцијата на акционерско собрание на АД НОМАГАС Скопје нема обврска да ја известува Владата за располагањето со финансиските средства (трошоците), со оглед дека работењето на НОМАГАС АД Скопје не е финансирано од Буџетот, а приходите и расходите од неговото работење не се планираат и не влегуваат во Буџетот. Владата утврдува насоки и ставови за извршување на законите и другите прописи со кои се определува начинот на работата на министерствата во извршувањето на законите и другите прописи. Со оглед дека Законот за енергетика каде што е утврдена самостојноста на Министерството за економија како сопственик на НОМАГАС АД Скопје е Lex specialis во однос на Законот за владата, Министерството за економија нема обврска да доставува известувања до Владата во однос на работењето на НОМАГАС АД Скопје. Согласно член 31 од Законот за владата министрите се должни да ја известуваат Владата за актите кои ги донесуваат, а кои се однесуваат на

начинот на остварувањето на уставните права на граѓаните, насоките на Владата, располагањето со финансиски средства (трошоци) и други значајни прашања од делокругот на министерството.

Во членот 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа е определено дека министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон. Во оваа одредба се наведени актите што ги донесува министерот, се определува намената на тие акти и се утврдува дека министерот ги донесува овие акти само ако за тоа е овластен со закон. Во оваа смисла министерот за економија е должен да ја известува Владата само за прописите и другите акти што ги донесува со кои подетално се уредува извршувањето на законите со кои се уредува неговата надлежност и функции утврдени во член 20 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, кои се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица. Оттука, министерот за економија нема со закон утврдена обврска да ја известува Владата за актите што ги донесува во остварувањето на функцијата на акционерско собрание кои што се однесуваат на работењето на НОМАГАС АД Скопје. Имено, со членот 383 од Законот за трговските друштва е утврдена надлежноста на акционерското собрание, како и актите што ги донесува и со кои се одлучува само за прашања поврзани со работата на акционерското друштво (измена на статутот на друштвото, избор и отповикување на членови на надзорен одбор, одобрување на работата на надзорниот и управниот одбор, одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката, назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, престанување на друштвото и слично), а не и за прашања од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица.

Во однос на обврската за известување за располагањето со финансиски средства (трошоци) се укажува дека според Законот за буџетите, министерствата, како органи на извршната власт на централно ниво, се буџетски корисници и нивното работење се финансира од централниот буџет, како составен дел од Буџетот на Република Северна Македонија (Буџетот). Од членот 2 од Законот за извршување на Буџетот, кој што се донесува за секоја година, произлегува должност за буџетските корисници (министерствата) утврдените финансиски средства во Буџетот за нивната работа наменети за извршување на работите кои се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица да ги користат да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно. Оваа одредба кореспондира и со членот 3 од Законот за организација и работа на органите на државната управа каде што е утврдено дека органите на државната управа своите надлежности утврдени со закон ги извршуваат врз основа на начелата на законитост, одговорност, ефикасност, економичност, транспарентност, еднаквост и предвидливост. Оттука, имајќи ја предвид одредбата од член 96 од Уставот, според која органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата, неспорно е дека министрите, како лица коишто раководат со министерствата се должни да ја известуваат Владата за располагањето со финансиските средства (трошоците) определени за извршување на работите и задачите од нивна надлежност што се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица. Меѓутоа, Министерството за економија, при остварувањето на функцијата на акционерско собрание на НОМАГАС АД Скопје нема обврска да ја известува Владата за располагањето со финансиските средства (трошоците), со оглед дека

работењето на  НОМАГАС АД Скопје не е финансирано од Буџетот, а приходите и расходите од неговото работење не се планираат и не влегуваат во Буџетот.

Со членот 27 од Законот за владата е утврдено дека Владата утврдува насоки и ставови за извршување на законите и другите прописи со кои се определува начинот на работата на министерствата во извршувањето на законите и другите прописи, се определуваат рокови за донесување на акти за кои овие органи се овластени и за поднесување на извештаи по одделни прашања; се определува начинот на соработката со други државни органи, како и други прашања кои се од значење за остварувањето на функциите на овие органи. За оваа цел, со членот 28 од истиот закон е дадена можност на Владата да може да даде упатства и насоки на определен министер како да ги изврши насоките и ставовите на Владата. Од наведениве одредби од Законот за владата произлегува дека насоките и ставовите утврдени од Владата се однесуваат само на извршувањето на законите и другите прописи со кои се определува начинот на работата на министерствата во извршувањето на законите и другите прописи како и за другите работи поврзани со остварувањето работите и задачите од надлежноста на Министерството за економија што се од значење за вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица, а не и за остварувањето на функцијата на Министерството за економија како акционерско собрание на АД НОМАГАС Скопје.

Основот за ваквиот пристап произлегува од член 110 од Законот за енергетика (lex specialis) во однос на Законот за владата,  во кој е утврдена самостојноста на Министерството за економија како сопственик на НОМАГАС АД Скопје. Имено, со оваа одредба недвосмислено е утврдено дека Министерството е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување, а во случајот на НОМАГАС АД Скопје за избор на членови на одбор на директори и не смее да прифаќа упатства или насоки од Владата или друг државен орган, а членовите на органот на надзор, односно на органот на управување, а во случајот на НОМАГАС АД Скопје членовите на одборот на директори во постапка за донесување на одлуки согласно закон, не смеат да бараат ниту да прифаќаат упатства или насоки од Владата или друг државен орган, освен во случаите утврдени во Законот за енергетика. Оттука, Министерството за економија нема никаква законска обврска да ја известува Владата за прашања поврзани со работењето на НОМАГАС АД Скопје.

### *IV.3.3. Правото на Владата да врши надзор над законитоста и ефикасноста во работењето на министерствата.*

Надзорот кој Владата го врши над законитоста и ефикасноста на работењето на Министерството за економија се однесува на вршење на функциите на државата и за ефикасно остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица, а не и за остварувањето на функцијата на Министерството за економија како акционерско собрание на НОМАГАС АД Скопје.

Со членот 4 од Законот за организација и работа на органите на државната управа е утврдено дека  органите на државната управа во рамките на својата надлежност се должни да им обезбедат на граѓаните ефикасно и законито остварување на нивните уставни слободи и права. Исто така, со членот 3 од истиот закон е утврдено дека органите на државната управа своите надлежности утврдени со закон ги извршуваат врз основа на начелата на законитост, одговорност, ефикасност, економичност, транспарентност, еднаквост и предвидливост. Согласно член 41 од овој закон, Владата врши надзор над работата на министерствата. Во членот 38 од истиот закон, е пропишано дека

надзорот се врши како надзор над законитоста и надзор над ефикасноста на работата на министерствата.

Согласно член 6 од Законот за владата, заради остварување на својата надлежност Владата донесува годишна програма за работа. Во членот 27-а од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија е утврдено дека во годишната програма за работа се вградени стратешките приоритети за операционализација на Програмата. Согласно член 36 став 5 од Законот за владата со Програмата се утврдуваат одделни прашања од надлежност на владата за кои е потребно утврдување на динамика и рокови.

Надзорот над законитоста се однесува на тоа дали актите кои што ги донесуваат и постапките што ги спроведуваат министерствата се во согласност со Уставот и законите и во рамки на нивните законски утврдени надлежности, права и обврски. Од друга страна, надзорот над ефикасноста се однесува на начинот на кој министерствата ги остваруваат своите надлежности, како и нивното постапување во однос на остварувањето на правата и обврските на граѓаните, како и остварувањето на Програмата согласно предвидените рокови и динамика.

Од горенаведените одредби произлегува дека при надзорот Владата утврдува дали министерот во законски утврдени рокови ги спроведува своите надлежности. Имајќи предвид дека законите и прописите донесени врз основа на закон определуваат начин, постапки и рокови за нивна имплементација, како и финансиски средства за нивна реализација, произлегува дека Владата при надзорот на работењето на одреден министер се раководи од овие критериуми.

### *IV.3.4. Правото на Владата да спречи извршување на мерки и да повлече или поништи акт усвоен од министерот.*

Владата може да му укаже на министерот или може да задржи од извршување пропис и да му предложи на министерот во определен рок да го измени или повлече прописот ако прописот со кој се уредува вршење на функциите на државата и остварување на правата и должностите на граѓаните и правните лица не е во согласност со Уставот, закон или друг пропис. Во таа смисла, ако Владата смета дека одреден пропис кој го донел министерот за економија не е во согласност со Уставот, закон или друг пропис, може според член 29 од Законот за владата за тоа да му укаже на министерот, или може да задржи од извршување тој пропис и да му предложи на министерот во определен рок да го измени или повлече прописот. Меѓутоа, начинот и постапката за поништување на одлуките на Министерството за економија донесени во функција на акционерско собрание на НОМАГАС АД Скопје се уредени со Законот за трговските друштва.

Исто така, согласно член 30 од Законот за владата, Владата врши надзор над работата на министерствата и другите органи на државната управа и управните организации и има право и должност да укине или поништи пропис или друг акт на министерствата, кој не е во согласност со Уставот, закон или друг пропис на Собранието, односно пропис на Владата. Согласно член 103 од Деловникот за работа на Владата, предлог за укинување, односно поништување на пропис што го донесува министер, поднесува претседателот на Владата, односно член на Владата, доколку смета дека таквиот пропис не е во согласност со Уставот, односно закон или со пропис на Владата. Овој предлог се доставува на мислење до Секретаријатот за законодавство, кој своето образложено

мислење ќе го достави до Владата и до министерот кој го донел тој пропис. Владата одлучува за укинување, односно поништување на прописот.

Имајќи ја предвид погоре споменатата одредба од член 110 од Законот за енергетика, врз одлуките коишто Министерството за економија ги донесува или за дејствијата што ги презема како единствен акционер на НОМАГАС АД Скопје, Владата не може да врши надзор над законитоста и ефикасноста, односно да поништува одлуки или да преоценува дејствија во согласност со одредбите од членовите 38 и 41 од Законот за организација и работа на органите на државната управа. Имено, начинот и постапката за поништување на одлуките на акционерското собрание се уредени со членовите од 408 до 415 од Законот за трговските друштва, каде што е утврдено дека против одлуката на акционерското собрание може да се поднесе тужба за ништовност или тужба за побивање пред надлежен суд. Со посочените одредби од Законот за трговските друштва е утврдено дека тужба за побивање, меѓу другите, може да поднесе органот на управување и надзорниот одбор, а во случајот на НОМАГАС АД Скопје одборот на директори, како и секој член на органот на управување и надзорниот одбор, односно член на одборот на директори ако со спроведување на одлуката би сторил дејствие што е казниво, незаконито или за коешто може да одговара за штета. Од наведените одредби од Законот за трговски друштва недвосмислено произлегува дека Владата нема овластување, врз основа на правото на надзор над законитоста и ефикасноста на работата на министерството како акционерско собрание да бара поништување на одлуките на Министерството за економија донесени во функција на акционерско собрание на НОМАГАС АД Скопје .

Покрај наведените прашања, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека независноста во вршењето на дејноста е обезбедена и преку одредбата од член 383 став (5) од Законот за трговските друштва согласно која Собранието на акционери, во конкретниов случај претставено преку министерот за економија, не може да одлучува за прашања од секојдневното работење на друштвото како што а наведено во дел III.1.1.1. (Сопственичка структура), именувањето на службеник за усогласеност како што е наведено во дел III.1.1.3. (Службеник за усогласеност) и воспоставувањето на мерки за заштита на податоците како што е наведено во дел III.2.2. (Мерки за заштита на податоците), од образложението на оваа Одлука.

Со одредбите од член 109 став (2) и став (3) од Законот за енергетика се обезбедува независноста на членовите на органот на надзор и органот на управување, а во случајот на НОМАГАС АД Скопје на членовите на одборот на директори, на начин што одредбите забрануваат исто лице или лица во исто време да учествуваат во управувањето и раководењето со друштвото што врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас и во исто време да управуваат или остваруваат друго право во операторот на системот за пренос на природен гас и обратно, односно да именуваат членови на органот на надзор и органот на управување на операторот на системот за пренос на природен гас и во исто време директно или индиректно управуваат или остваруваат друго право во друштво кое врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас.

Во таа смисла овие ограничувањата се однесуваат на користење на право на глас, како и во избор и именување на органот на надзор и органот на управување на друштвото , но и во поседување на мнозински удел.

Според наводите во дел III.1.1.2. (Одбор на директори), дел III.1.2 (АД МЕПСО Скопје) и дел III.1.3. (ЕСМ АД Скопје) од образложението на оваа Одлука, именуваните членови на одборот на директори на овие друштва не се членови на орган на управување, односно надзор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како и друштвото, што е во согласност со член 348 став (1) точка 3 од Законот за трговски друштва.

Согласно член 3 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.

## З А К Л У Ч О Ц И

Врз основа на Законот за енергетика во кој се транспонирани одредбите од Директивата 2009/73/ЕК и Регулативата (ЕК) бр. 715/2009, а имајќи ги предвид фактите и доказите доставени во постапката по барањето за сертификација, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

НОМАГАС АД Скопје:

1) е сопственик на системот за пренос на природен гас во Република Северна Македонија,
2) не е дел од вертикално интегрирано друштво,
3) е во сопственост на Министерството за економија кое е самостојно при донесување на одлуки за избор на одбор на директори на друштвото и не смее да прифаќа упатства или насоки од Владата или друг државен орган.
4) е носител на лиценца за вршење на енергетската дејност пренос на природен гас,
5) не врши и не е вклучен во вршење на дејностите производство, дистрибуција, трговија со природен гас или снабдување со природен гас и дејноста пренос на електрична енергија, а функцијата оператор на пазар на природен гас ја врши привремено до определување на друштво на кое ќе му биде доделена лиценца за оператор на пазар на природен гас,
6) е независно во управувањето и раководењето на друштвото како и остварување на други права во однос на други друштва кои вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека НОМАГАС АД Скопје ги исполнува условите да биде сертифициран и да биде назначен за оператор на системот за пренос на Република Северна Македонија и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 11-1255/1**
**04.07.2024**

**С к о п ј е**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**